**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

**Институт за безбедност, одбрана и мир**

Постдипломски студии од областа на безбедноста

Насока: Безбедност

# УЛОГАТА НА ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА ВО СПРАВУВАЊЕ СО СОВРЕМЕНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ

магистерски труд


Кандидат:
Немања Гачевиќ

Ментор:
проф. д-р Оливер Бакрески


Скопје, март 2025

**Ментор:** проф. д-р Оливер Бакрески
Филозофски факултет – Скопје

**Членови на комисијата:** проф. д-р Зоран Нацев
Филозофски факултет – Скопје

проф. д-р Тања Милошевска
Филозофски факултет – Скопје

**Датум на одбрана:**

*ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР*

Овој магистерски труд го посветувам на
мојата сакана Елена, која беше моја неизмерна
поддршка и извор на инспирација во текот на целото истражување.

**АПСТРАКТ**

Воената дипломатија претставува значајна компонента во справувањето со современите безбедносни предизвици, играјќи клучна улога во превенцијата на конфликти, зајакнување на меѓународните односи и олеснување на соработката меѓу државите. Овој труд ги анализира функциите на воените аташеа и нивниот придонес за стабилноста и безбедноста, како и улогата на новите технологии во еволуцијата на воената дипломатија.

Магистерскиот труд се фокусира на специфичностите на современите асиметрични закани, технолошкиот напредок и предизвиците со кои се соочува воената дипломатија во глобалниот безбедносен систем. Дополнително, се истражуваат успешни примери на воена дипломатија и нејзината интеграција во надворешната политика на државите. Истражувањето има цел да покаже како овој тип дипломатија може да помогне во справувањето со асиметричните закани и да обезбеди долгорочен мир.

**Клучни зборови:** воена дипломатија, безбедносни закани, воени аташеа, меѓународна соработка, асиметрични закани.

**ABSTRACT**

Military diplomacy is a significant component in dealing with modern security challenges, playing a key role in conflict prevention, strengthening international relations and facilitating cooperation between states. This paper analyzes the functions of military attachés and their contribution to stability and security, as well as the role of new technologies in the evolution of military diplomacy.

The master's thesis focuses on the specificities of modern asymmetric threats, technological progress and challenges faced by military diplomacy in the global security system. In addition, successful examples of military diplomacy and its integration into the foreign policy of states are explored. The research aims to show how this type of diplomacy can help deal with asymmetric threats and ensure long-term peace.

**Keywords:** military diplomacy, security threats, military attachés, international cooperation, asymmetric threats.

**Листа на кратенки**

IDF – Israeli Defense Forces (Израелски одбранбени сили)

АУ – Африканска унија

БиХ – Босна и Херцеговина

ЕУ – Европска Унија

НАТО – Северноатлантска алијанса

ОБСЕ – Организација за безбедност и соработка во Европа

ОН – Обединети нации

ООН – Организација на обединети нации

САД – Соединети Американски Држави

ВИ – Вештачка интелигенција

ИКТ – Информациски и комуникациски технологии

SDR - Стратегиски одбранбени преглед

Г8 – Група на осумте

**Содржина**


1. Проблем на истражување ....9
2. Предмет на истражување ....11
3. Досегашни истражувања ....13
4. Цели на истражувањето ....14
5. Хипотетичка рамка ....15
1. Општа хипотеза ....15
2. Поединечни хипотези ....15
6. Научна и општествена оправданост на истражувањето ....16
7. Методи на истражување ....17

ГЛАВА 1: ДИПЛОМАТИЈА ....18

1. Дипломатијата како концепт ....18
2. Дефинирање на дипломатијата ....21
3. Видови дипломатија ....24

3.1 Тајна и јавна дипломатија ....24
3.2 Мултилатерална и билатерална дипломатија ....27
3.3 Самит-дипломатија ....28
3.4 Кибердипломатија (сајбердипломатија) ....29

ГЛАВА 2: ВОЕНА ДИПЛОМАТИЈА ....31

1. Воената дипломатија како концепт ....31
2. Дефинирање на воената дипломатија ....33
3. Терминологија и концепт на воената дипломатија ....35
4. Функции на воената дипломатија ....37
5. Задачи на воената дипломатија ....40
6. Аспекти на воената дипломатија ....41
7. Безбедноста како приоритет на воената дипломатијата ....42
8. Воената дипломатија како алатка за надворешната политика ....44

ГЛАВА 3: ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ВОЕНО-ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА ....47

1. Воено дипломатски претставништва ....47
2. Воен аташе ....48

2.1 Дејност на воениот аташе ....................................................................................50
3. Собирање информации...........................................................................................51
4. Улогата на воените аташеа во меѓународните односи ..........................................52
ГЛАВА 4: ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ ..............................................................................................................................53
1. Безбедносни предизвици .......................................................................................53
2. Природата на современите безбедносни закани....................................................55
3. Асиметрични закани и нивното влијание врз глобалната безбедност....................56
3.1 Терористички напади............................................................................................58
3.2 Кибернапади...........................................................................................................60
3.3 Миграциски движења ............................................................................................61
3.4 Организиран криминал.........................................................................................62
3.5 Современи конфликти ..........................................................................................65
4. Улогата на неконвенционалните воени сили во современите конфликти ..............67
5. Меѓународни безбедносни институции и нивната улога .......................................68
ГЛАВА 5: ВОЕНА ДИПЛОМАТИЈА - СОВРЕМЕНИ ПРЕДИЗВИЦИ ...........................72
1. Технолошки напредок и неговите импликации врз воената дипломатија...............72
2. Улогата на новите технологии во воената дипломатија ..........................................74
3. Проблеми во координација и комуникација на воената дипломатија.....................75
4. Етички и правни дилеми во контекст на воената дипломатија...............................76
5. Развој на нови форми на воена дипломатија ..........................................................78
6. Потенцијал за засилување на мултилатералната соработка...................................79
7. Примери на успешни случаи на воена дипломатија ...............................................81
Заклучок ....................................................................................................................84
БИБЛИОГРАФИЈА .....................................................................................................88

## 1. Проблем на истражување

Човекот, од почетокот на своето постоење, па сè до ден-денес, се стреми кон создавање услови за преживување. За да ја оствари таа цел, тој константно мора да се здружува, но во голем број случаи тоа го прави и на штета на други. Безбедноста во минатото и низ историјата била гледана само низ призмата на националната безбедност, за подоцна да произлезат и други размислувања и концепти. Трагањето за безбедност е еден континуиран процес, а безбедноста претставува универзална потреба. Безбедноста, меѓу другото, можеме да ја разгледуваме и како процес чиј производ е благосостојбата. Сведоци сме на денешниот тренд на вложување огромни средства за вооружените сили, но и покрај тоа, од ден на ден се чувствуваме сè помалку безбедно. Па би си го поставиле прашањето: „Што, всушност, претставува безбедноста и како таа се постигнува со оглед на брзите промени?"

Честопати брзината со која се случуваат промените на безбедносен план во кратки временски интервали не дава доволно време да се подготвиме за справување со нив и да ја предвидиме нивната динамика, времетраењето, последиците и промените што можат да ги предизвикаат на глобален план. На почетокот на 21 век аналитичарите на оваа поле не ни можеа да ги предвидат настаните што ќе се случуваат. Па така, најголем дел од нив ја исклучија војната меѓу две или повеќе држави како евентуална закана за безбедноста, што на крајот, случувањата ги демантираа нивните ставови. Меѓународните прописи во оваа сфера се оние што ја забрануваат војната како средство за решавање конфликти. Од таа причина, државите пристапуваат кон еден нов, многу подобар начин за решавање на проблемите и сето тоа преку мирен пат проследен со преговори меѓу страните, а тоа е токму дипломатијата.

Дипломатијата како вештина на преговарање, дебатирање, уметност на дипломатскиот кадар на најразлични начини може да дојде до најсоодветното решение на проблемот на својата матична држава. Дипломатскиот кадар е носител на дипломатијата. Дипломатите се индивидуи што се избираат врз основа на општи, но и посебни карактеристики што мора да ги поседуваат. Почнувајќи од соодветно образование, познавање јазици, па сè до различни манири и особини што им се неопходни во извршувањето на дипломатската служба. Дипломатијата означува способност, знаење, вештина на комуницирање, одржување меѓународни односи, преговарање,

решавањето конфликти. Оттука произлегуваат целите на дипломатијата: претставување на својата земја во странство, како и промовирање на нејзините интереси и цели. Гледано како инструмент, дипломатија не е исто што и надворешна политика. Всушност, надворешната политика е целта што државата тежнее да ја постигне, а дипломатијата е едно од средствата на надворешната политика. Покрај овие задачи, современата дипломатија се занимава со заштита на човековите права, решавањето на проблемите поврзани со миграцијата, борбата против тероризмот, промовирање и унапредување на демократијата.

Ако секоја војна завршува со дипломатија, што претставува тогаш воената дипломатија и што се случува кога овие две вештини, уметноста на војување и дипломатијата ќе настапат заедно? Ако се направи една ретроспектива на развојот на општата дипломатија, може да се констатира дека со нејзиното појавување во минатото, личноста на владетелот најчесто била идентификувана со личноста на војсководецот, и општите дипломатски работи најчесто биле изедначени со воените цели и задачи.[1] Воената дипломатија не е самостојна и посебна дипломатска гранка, туку континуирано настанала и се развивала во условно преградките на општата дипломатија. Во рамките на општата дипломатија, воениот фактор врз нејзиниот развој имал релевантна улога, дури и доминирал над општата дипломатија, а дипломатските кадри првенствено се регрутирани од воените кругови.[2] Воената дипломатија не се разликува многу од општата дипломатија во контекст на значењето што вклучува посети, состаноци, размени, преговори, учество во меѓународни конференции, потпишување договори и размена на дипломатски документи. Разликата е во тоа што сите наведени активности во основа ги водат униформирани лица или цивили во Министерството за одбрана, а содржината мора да биде воено ориентирана. Имајќи го предвид наведеното, токму во таа насока ќе бидат насочени вкупните напори да се дојде до потребните одговори за дипломатијата, а особено воената дипломатија, а преку утврдување на нејзините специфичности да се утврдат и местото и улогата на воената дипломатија во безбедносниот систем, а особено во справување со потенцијалните безбедносни закани за државата.

---

[1] Јовановски З., Воена дипломатија, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје, 2018, стр. 47.

[2] Зечевиќ М., Војна дипломатија, Војно издавачки и новинарски центар, Београд, 1990, стр. 30. 3 Миленковић А., Дипломатија одбране – теоријски приступ и практична примена студија случаја Републике Србије, SCIndeksu, 2016, стр. 127.

## 2. Предмет на истражување

Основниот предмет на истражување во овој магистерски труд се фокусира на согледувањето на поставеноста на воената дипломатија во безбедносниот систем и во вкупните напори да се обезбеди потребното ниво на безбедност на државата. За да може попрецизно да се одреди предметот на истражување, потребно е детално да се анализира реалното функционирање на овој сектор за да се утврдат конкретните специфики и слабости при согледување на состојбите во нивниот тоталитет. Значи, предметот на истражување во рамките на овој магистерски труд ќе биде да се согледаат специфичностите на воената дипломатија низ призмата на нејзината работа и улога во вкупните напори што ги вложува државата за справување со потенцијалните безбедносни закани. Од формално-категоријален аспект, во рамките на истражувањето најмногу ќе бидат експонирани следниве термини, односно во рамките на овој магистерскиот труд акцентот ќе биде ставен на следниве клучни поими: безбедност, дипломатија, воена дипломатија, воен аташе, асиметрични закани.

- **Безбедност** - Безбедноста е концепт кој низ историјата многу често еднострано и тесно се дефинираше. Во меѓународните односи, безбедноста различно се дефинира и мошне често овој поим во литературата се користи без негово поблиско определување. Безбедноста е комплексен феномен и, во суштина, спорен концепт, не само поради неговата недостижна природа и содржина со оглед на времето и местото во кое се дискутира за него туку и поради фактот што дискусијата за безбедноста неизбежно е поврзана со други категории: страв (за физички опстанок), отсуство на структурно насилство, мир, благосостојба и стабилност. [3]

- **Дипломатија** - Откако постои човекот, постојат најразлични начини на примена на дипломатијата. Дејноста позната како дипломатија претставува специјализиран облик на комуникација, преговарање, претставување, којшто во современата практика се поврзува со имплементирањето на надворешната и безбедносната политика на една

[3] Ѓуровски М., Основи на безбедност, Концепциски безбедносни пристапи, Фондација Конрад Аденауер, Скопје, 2021, стр. 14.

земја во странска земја. Во обичниот жаргон, дипломатијата е синоним за дејствување во интерес на сопствената земја преку собирање информации со помош на методи и постапки блиски на безбедносно разузнавачките служби.[4]

- **Воена дипломатија** - Според некои теоретичари и практичари, концептот на воената дипломатија е поиман како некој вид оксиморон. Воената дипломатија некои научници ја нарекуваат и одбранбена дипломатија, мека моќ, воена јавна дипломатија и стратегиска комуникација што ѝ овозможува на армијата да има директно влијание врз надворешната политика преку други средства. Воената дипломатија во денешно време е, пред сѐ, мировна активност и стана главна задача на вооружените сили и нивните одговорни министерства.[5]

- **Воен аташе** - Воениот аташе е основен носител и спроведувач на воената дипломатија. Тој е дипломат и претставник на вооружените сили на сопствената држава што работи како дел од дипломатската мисија или амбасада на земјата испраќач во земјата на прием. Неговата позиција како дипломат го сместува во хиерархијата на дипломатско претставување, што му овозможува да користи дипломатски имунитет и други бенефиции.[6]

- **Асиметрични закани** - Асиметричните закани не се нови, ниту, пак, се во фокусот на стратезите. Во секоја епоха, од предмодерната до денешната, слабите сили користат изненадување, технологија, нови тактики, или како што некои го толкуваат тоа, прекршување на воената етика со цел спротивставување на силните. Во изминатите години, термините „асиметрија" и „асиметричен" станаа тренд во американските стратегиски и политички науки. [7]

---

[4] Дојчиновски М., Примена на разузнавачката дејност при спроведување на мисиите на воените аташеа, објавено во Науката и општествениот развој: зборник на трудови, Скопје 2014, стр. 890.

[5] Бакрески О., Барџиева Миовска Л., Дипломатијата и безбедноста, Филозофски факултет Скопје, 2021, стр. 305.

[6] Zupančič M., Vojaški ataše – umestitev in vloga v vojaški organizaciji in mednarodnem okolju, Original scientific article, стр, 117.

[7] Танески Н., Влијанието на асиметричните закани врз трансформација на суштината и водењето на војната во XXI век, Филозофски факултет, Скопје, 2013, стр. 22

## 3. Досегашни истражувања

Воената дипломатија била предмет на истражувања, но и честа примена низ минатото. Во различни временски интервали ѝ се посветува различно внимание, но сето тоа не го оспорува фактот дека воената дипломатија е константно присутна и константно работи на проширување на својата наука како во теорија, така и практично преку подобрување на својата структура и организација. Анализата на странската литература ни укажува на тоа дека голем број автори, без сомнение, ѝ посветуваат големо внимание, но ситуацијата на ова поле кај нас малку е поразлична. Можеби тоа се должи на незаинтересираноста на стручниот кадар конкретно на оваа тема или, пак, на отсутноста на свеста за важноста и моќта на овој вид дипломатијата. Единствената разлика што постои меѓу авторите е начинот на кој тие ја дефинираат воената дипломатија. Различни автори ја дефинираат на различен начин. Најголем дел од нив ја прикажуваат како синоним на одбранбена дипломатија или мека моќ на државите што преку војската на еден мирен начин се влијае врз надворешната политика.

Други автори сметаат дека воената дипломатија е гранка на одбранбената дипломатија во која спаѓа Министерството за одбрана заедно со министерот, кој воедно ја претставува цивилната компонента што го контролира воениот фактор. Трудот го нагласува значењето на воената дипломатија како средство за поттикнување меѓународна соработка и зајакнување на колективната безбедност и го нагласува нејзиниот потенцијал во справувањето со новите закани, ублажувањето на конфликтите и промовирање на мирот. Резултатите од истражувањето треба да ја истакнат улогата на воената дипломатија во глобалното општество како една безбедносна алатка преку која директно и индиректно влијае врз справувањето со современите безбедносни закани, но и нејзината важност лесно да може да се приспособи кон евентуалните идни видови закани. Во македонската држава, но и пошироко постои одреден квантум на литература што поблиску ја обработува областа на дипломатијата, а особено воената дипломатија. Сепак, и покрај одредени публикации и научни и стручни трудови во оваа сфера што се оценуваат како симболичен придонес постои реална потреба да се спроведат дополнителни истражувања со цел да се согледаат состојбите и процесите во овој сегмент за да се согледа и да се утврдат одредени специфичности и клучни диференцијации.

## 4. Цели на истражувањето

Истражувањето има цел да даде објаснување и одговор на прашањето дали и во која мера воената дипломатија придонесува во справувањето со современите безбедносни закани и да ги утврди начините на кои воената дипломатија придонесува во справувањето со современите безбедносни предизвици. Истражувањето се темели врз два типа цели, и тоа општи и посебни цели.

1. **Општите цели** се насочени кон детектирање на различните видови закани и начинот на кои тие влијаат врз стабилноста и безбедноста на државно, регионално, меѓународно, како и глобално ниво, преку нивната зачестеност и интензитет.

2. **Посебните цели** на истражувањето ќе бидат насочени кон следново:
   - Да се направи јасна ретроспектива на воената дипломатија во минатото и на денешната воена дипломатија;
   - Да се согледа како воената дипломатија придонесува за развојот на безбедносниот систем на државата;
   - Да се согледа местото и улогата на воената дипломатија во современото општество;
   - Да се утврди структурата и институционалната гранка на воено-дипломатската служба;
   - Да се согледа значењето на воената дипломатија во справувањето со современите безбедносни закани;
   - Да се согледаат механизмите на дејствување на воено- дипломатските претставништва во насока на справување со заканите;
   - Да се утврди начинот на функционирање и карактеристиките на воено-дипломатската служба;
   - Да се согледаат позитивните и негативните страни на испраќање воено-дипломатски претставници.

## 5. Хипотетичка рамка

Врз основа на вака поставените цели на истражувањето, би ги поставиле општата хипотеза и поединечни хипотези:

### 1. Општа хипотеза

Улогата на воената дипломатија во справувањето со современите безбедносни предизвици зависи од свесноста на цивилниот и на воениот врв на државите за значењето и придонесот на овој сегмент, кој треба да придонесе за значително намалување или во голема мера елиминирање на безбедносните закани во современото општество.

### 2. Поединечни хипотези

- Воената дипломатија игра клучна улога во справувањето со современите безбедносни закани и предизвици;
- Испраќањето на воено-дипломатскиот претставник во странска земја е од суштинско значење за одржување и зајакнување на пријателските односи меѓу државата испраќач и земјата на прием;
- Главната, но најзатскриена улога на воено-дипломатскиот претставник е токму разузнавањето, бидејќи неговата позиција дава идеални можности за спроведување на активностите за известување. Оттука, од професионалноста и од стручноста на кадарот зависи како ќе се исполнуваат поставените цели.
- Воено-дипломатски претставник игра значајна улога во остварувањето на поставените задачи, па затоа, покрај високото образование кое е неопходно да го поседува, мора да се одликува и со широк спектар на карактеристики, како што се: познавање јазици, мудрост, шарм, харизма, тактичност, храброст, учтивост, добри манири, познавање на обичаите и менталитетот на земјата домаќин, одлична самоконтрола.

## 6. Научна и општествена оправданост на истражувањето

Истражувањето за улогата на воената дипломатија во справувањето со современите безбедносни закани е значаен придонес во научната и во општествената сфера. Научната оправданост на ова истражување произлегува од фактот дека воената дипломатија е релативно нов и недоволно истражен концепт, особено во контекст на модерните безбедносни предизвици, кои се повеќеслојни и често асиметрични. Ова истражување има цел да ги пополни празнините во научната литература, притоа нудејќи теоретски и практични сознанија за тоа како воената дипломатија може да се користи како ефективна алатка во надворешната политика и во одржувањето на глобалната безбедност.

Од општествен аспект, ова истражување има потенцијал да придонесе за зајакнување на националните и на меѓународните безбедносни механизми. Преку анализа на улогата на воените аташеа и другите форми на воена дипломатија, истражувањето нуди увид во тоа како државите можат да ги унапредат своите одбранбени стратегии и да промовираат мир преку соработка и размена на информации. Во свет што се соочува со нови и комплексни закани, како што се кибернападите, тероризмот и хибридните конфликти, резултатите од ова истражување можат да послужат како водич за донесувачите на одлуки и да помогнат во развојот на поефикасни и сеопфатни безбедносни политики.

Со самото тоа, ова истражување не само што ја проширува теоретската рамка на воената дипломатија туку и го нагласува нејзиниот потенцијал да биде клучен елемент во современите меѓународни односи, особено во контекст на зголемените глобални тензии и потребата од стабилност и мир.

## 7. Методи на истражување

За потребите за изработка на овој магистерски труд што обработува мошне значајна и специфична тема, ќе бидат употребени повеќе методи и техники за собирање податоци, со што ќе се овозможи да се соберат поголем број веродостојни податоци, што воедно би придонеле за заокружување на истражувачкиот потфат. Имајќи ја предвид комплексноста на ова истражување, ќе биде применет интегралниот пристап, со утврден аналитички концепт за потврдување на веродостојноста на мисловната активност. Во фазата на прибирање податоци за теориска анализа, своја примена ќе имаат и историографските пишани податоци, со цел да се осознаат историските податоци од минатото. Методите што се употребени се следниве:

- **Анализа на содржината** - Во ова истражување се користени примарни и секундарни извори на податоци, нормативни и правни акти, документи, договори, протоколи итн. За изведување на овој метод е изработен посебен протокол за споредбена анализа на актите, изработен е целосен список на акти што ќе се анализираат, и, секако, на сите други потребни документи и придружни материјали.

- **Компаративен метод** - Користејќи го компаративниот метод, извршена е делумна квалитативна и квантитативна селекција и анализа на прибраните податоци. Врз основа на добиениот теориски материјал, може да се утврди степенот на варијабилност меѓу причините и состојбите што се истражуваат, како и утврдување на нивната детерминираност.

- **Историски метод** - Со помош на историскиот метод на истражување е направена една ретроспектива што ќе нè врати во најраните времиња во кои на специфичен начин ја детектиравме појавата и улогата на воената дипломатија, патот низ кој таа поминала и промените што ги претрпела, за денес да биде еден од столбовите на безбедноста на глобално ниво.

- **Дескриптивен метод** - Со овој метод е направена потребната општа дескрипција на теоретските сознанија синтетизирани и воопштени преку конкретна анализа за опишување на состојбите и процесите целосно, систематично и аналитички.

# ГЛАВА 1: ДИПЛОМАТИЈА

## 1. Дипломатијата како концепт

Дипломатијата е уметност и практика на изградба и одржување односи и водење преговори со луѓе, користејќи тактика и заемно почитување.[8] Дипломатијата, во суштина, претставува еден начин како преку дијалог и преговори, како и преку сите други средства (освен војувањето) може де факто да се влијае врз однесувањето на секоја една држава во меѓународната заедница. Дипломатијата како вештина што се развила во Европа, а потоа се пренела низ остатокот на светот, во прво време главно се однесувала на односите меѓу две суверени држави, на билатерално ниво. Сепак, во 20 век дипломатската практика опфаќала многу повеќе елементи од самата „дипломатија на билатерално ниво" – т.е. опфаќала и опфаќа различни самити и конференции, меѓународни активности на супра- и субнационално ниво, неофицијална дипломатија водена од невладиниот сегмент, како и работењето на цивилните претставници во меѓународна средина.

Дипломатијата многу често погрешно се смета за надворешна политика, иако термините не се синоними. Дипломатијата е еден од инструментите на надворешната политика, односно можеби најважниот и најекспонираниот инструмент. Надворешната политика ги поставува целите, ги креира стратегиите и широко ги поставува тактиките за достигнување на поставените цели. Како инструмент, дипломатијата е главната замена за употребата на сила во односите меѓу суверените држави. Таа во суштина е ненасилна, иако може да се базира врз принуда под закана за активирање на одредени казнени мерки или употреба на сила.

Современата дипломатија, за жал, навидум се фокусира на задоволување на интересите на само една од страните, главно, онаа што е доминантна. Во денешната реалност во која способностите на државите драстично се разликуваат една од друга, токму доминантната страна ќе ја поседува предноста да склучи одреден билатерален договор со страната, односно со државата, која е де факто послаба, дури користејќи и алатки, како што е, на пример, принудата.[9] Дипломатијата не е нова појава. Модерната дипломатија е производ на нашето време. Дваесет и првиот век силно влијаел врз развојот на дипломатијата. Откако се појавиле интернетот и глобализацијата, дипломатските активности доживеале

---

[8] Nacional Museum of American Diplomacy, The skills of diplomacy, https://diplomacy.state.gov/discover-diplomacy/the-skills-of-diplomacy/

[9] Смиљанов С, Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија, Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр. 18

големи промени. Ова особено се однесува на самата организација на дипломатијата, дипломатските процеси, како и дипломатските средства и методи. Сето ова предизвикало и значителни последици за дипломатските задачи. Многу често дипломатијата се изедначува со меѓународните односи, а не се зема предвид дека дипломатијата е само дел од меѓународните активности и дека покрај неа, постојат и други техники и средства на дејствување во меѓународните односи.[10] Поимот дипломатија потекнува од грчкиот збор *diploma* (грч. δίπλωμα), што означува двојно преклопен акт што го издал суверен и кој му обезбедувал специфични права на оној кому му бил даден. Тогашните дипломи биле слични на модерните пасоши. Постојат повеќе дефиниции на дипломатијата и дипломатската професија. Причината за тоа е што е тешко да се опфати сè што се има на ум кога се размислува за дипломатијата и сè што тој поим подразбира да се смести во една дефиниција. Најголемиот број дефиниции на овој поим дипломатијата ја гледаат како вештина на водење на надворешната политика, од една страна, и претставување на државите во меѓународната политика, од друга страна. Питер Маршал, британски дипломат од 20 век, понудил шест дефиниции на поимот дипломатија:

• Дипломатија како содржина на надворешните односи;

• Дипломатија како спроведување на надворешната политика;

• Дипломатија како водење меѓународни односи преку преговори;

• Дипломатија како средство што го користат дипломати, организирани во рамките на дипломатската служба;

• Дипломатија како дипломатски начин на општење, комуникација и однесување – да се биде мудар, тактичен и внимателен;

• Дипломатија како стил на однесување и дејствување на професионалните дипломати.

Џеф Бериџ, професор емеритус по меѓународна политика на Универзитетот во Лестер, ја определува дипломатијата како поим под кој се подразбираат официјалните канали на комуникација што ги користат членките на системот на држави, со напомена дека во системот членките ја задржуваат својата сувереност, но дејствуваат, со повеќе или помалку ентузијазам, како да се дел од целината – системот на држави. Официјалните канали на

[10] Mitrović V, Globalno umrežavanjei digitalna diplomatija, Univerzitet u Beogradu, Fakultetu organizacionih nauka, Vojno delo 7, 2018, str.10

комуникација се темелат врз мрежата на дипломати и конзули, кои се заштитени со законски одредби и постојано живеат во странство – во странски држави или при меѓународни организации. Според Беридж, главна компонента на дипломатијата е преговарањето, кое го смета за витално значење за изборот меѓу војна и мир, како и дека дипломатијата е водење меѓународни односи повеќе преку преговори отколку со сила, пропаганда или применување на правото. Сатов, повикувајќи се на Де Брољa, француски политичар и дипломат од 19 век, дипломатијата ја смета за најдоброто средство што го развила цивилизацијата за да се спречи управувањето со меѓународните односи исклучиво со сила.

Франсоа де Калје, француски академик, писател и дипломат, во своето дело *„Умеењето на преговарање“* ја дефинира дипломатијата како активност за остварување интереси на една држава во нејзините односи со други држави, а сè во согласност со културно и пристојно однесување. Управувањето со надворешните работи, според Де Калје, припаѓа на исклучително стручни лица со духовна енергија, кои сигурно ги разбираат и луѓето и настаните во општеството. Дипломатијата за него е професија на дипломатите, а дипломатите ги гледа како кормиларите на море што секогаш е немирно, алудирајќи на постојаната опасност од војна.[11]

Голем број теоретичари за дипломатија сметаат, со право, дека таа е „мотор“ на меѓународните односи, а нејзиниот сегмент што се занимава со одбранбена дипломатија, може да се смета за клучен за реализација на националните интереси. Иако не треба да се занемаруваат ниту значењето на економските и на други елементи на моќ, сепак значењето на воената моќ за кредибилитетот на дипломатијата е присутно во секој вид на нејзино изразување. Дипломатијата е задолжена за реализација на националните интереси преку мирољубиви средства, додека војската суштински е насочена кон примена на организирано насилство за остварување клучни стратегиски цели. Иако може да се каже дека по своите суштински својства се дијаметрално спротивни, дипломатијата и војската дејствуваат суплементарно во реализацијата на надворешната политика со намера да наметнат сопствена волја со различни средства.[12]

[11] Knežević S, Lakić T, Osnovi diplomatije, Univerzitet Crne Gore, 2024, str. 10
[12] Благојевић В, Дипломатија Србије у одвраћању, Српска политичка мисао, број 3, 2023, стр. 166

## 2. Дефинирање на дипломатијата

Дипломатијата претставува еден од главните инструменти на меѓународните односи, кој овозможува комуникација, преговарање и решавање конфликти меѓу држави и меѓународни актери. Како уметност и наука на преговори, дипломатијата се развива низ вековите, приспособувајќи се кон промените на глобалната политичка сцена и кон потребите на различните актери. Во основа, дипломатијата е процес на посредување што служи за одржување на мирот и стабилноста на меѓународната заедница, како и за постигнување на националните интереси на државите.[13] Не можеме да зборуваме за дипломатијата пред појавата на државата. Истражувајќи ги документите што ја третираат историјата на дипломатијата, гледаме дека оваа историја, всушност, ја опфаќа историјата на меѓународните односи. Оваа конфузија се темели врз начините на кои многу автори го третираат развојот на државните разменувања во нивните дела, користејќи го терминот „историја на дипломатијата“ или „дипломатска историја“. Ако се обидеме да ги споредиме историјата на меѓународните односи и историјата на дипломатијата, ќе разбереме дека првата ја проучува појавата и развојот на големите меѓународни проблеми, правејќи анализа на нивните психолошки причини, интереси и интеракции. За да се разбере подобро што покрива терминот дипломатија, ќе претставам неколку дефиниции дадени од личности што ја проучувале и работеле со дипломатијата низ нејзината историја. Еве некои од тие дефиниции:

Дипломатијата, вели Валерија Мохок, дејствува како мешавина на гестови и зборови што дипломатот ги има на ум, а кои се упатени кон влијателна личност. Според Оксфордскиот речник, дипломатијата го претставува водството на меѓународните односи преку специфични методи, како и преговори, благодарение на учеството на амбасадорите и специјалните испратени национални претставници.[14] Дипломатијата е средство со кое државите од светот ги водат своите работи на начин што обезбедува мирни односи. Главната задача на индивидуалните дипломатски служби е да ги штитат интересите на своите земји во странство. Ова се однесува како на промоција на политички, економски, културни или научни односи, така и на меѓународниот ангажман за одбрана на

[13] Hamilton, K., & Langhorne, R. *The practice of diplomacy: Its evolution, theory, and administration,* Routledge, *2011* p. 45–47

[14] Pop S, Diplomacy and Security, De Gruyter, International Conference Knowledge-based Organization Vol. XXIII No 1 2017, p. 251

човековите права или мирно решавање на споровите.[15] Една од најважните функции на дипломатијата е нејзината улога во спречување конфликти и управување со кризи. Преку дипломатските канали, државите можат да ги намалат тензиите и да избегнат отворени конфликти преку преговори, медијација и арбитража. Дипломатијата овозможува создавање доверба меѓу државите и спречување ескалација на насилство, што е од особена важност во современото глобално опкружување каде што заканите стануваат сè повеќе асиметрични и непредвидливи.[16]

Најчесто зборот „дипломатија" ги има следниве значења:

- гранка на политиката што се занимава со изучување на меѓународните односи;
- збир на процедури што ги регулираат односите меѓу државите;
- улогата
- на државите во нивните меѓународни односи;
- очигледна и заинтересирана учтивост;
- вештина, разумност и десимулација.

Во контекст на мултилатералните односи, дипломатијата игра важна улога во формирањето и одржувањето на меѓународните институции и договори. Мултилатералната дипломатија овозможува државите да соработуваат во рамките на меѓународните организации, како што се Обединетите нации, НАТО или Светската трговска организација, каде што заедно работат на решавање на глобалните проблеми, како што се климатските промени, тероризмот и економските кризи. Мултилатералната дипломатија промовира колективна акција и солидарност, што е неопходно за справување со сложените глобални предизвици.[17] Покрај традиционалната билатерална и мултилатерална дипломатија, постојат и нови форми на дипломатија што се појавуваат како одговор на промените во меѓународната арена. Тие вклучуваат мека сила дипломатија, која користи култура, идеологии и економски средства за влијание врз другите држави, како и дигиталната дипломатија, која користи интернет и социјални медиуми за комуникација и јавна дипломатија. Овие нови форми на дипломатија ја зголемуваат комплексноста на дипломатските односи и бараат нови вештини и стратегии

[15] ABC of Diplomacy, Swiss Federal Department of Foreign Affairs (FDFA), Bern, 2008, p.3
[16] Berridge, G. R. (2015). *Diplomacy: Theory and practice* (5th ed.). Palgrave Macmillan, 2015, p. 123
[17] Rana, K. The diplomat's handbook of international law and practice, Martinus Nijhoff Publishers, 2011.

од дипломатите.[18] Дипломатијата исто така игра клучна улога во економската политика на државите, преку која тие настојуваат да ги заштитат и да ги промовираат своите економски интереси на глобалната сцена. Преку трговски договори, инвестиции и економска соработка, државите го користат дипломатскиот апарат за да го подобрат својот економски развој и да ја зголемат својата конкурентност на меѓународниот пазар. Оваа економска дипломатија станува сè поважна во светот на глобализација каде што економските прашања се неразделно поврзани со политичките односи.[19]

Така, дипломатијата има значајна улога и во справувањето со глобалните предизвици, како што се климатските промени, миграциите и тероризмот. Преку меѓународна соработка и координација, дипломатите можат да развијат заеднички стратегии и да ги мобилизираат ресурсите потребни за решавање на овие проблеми. Оваа глобална дипломатија бара интегриран пристап што ги вклучува не само државите, туку и недржавните актери, како што се меѓународните организации, невладините организации и приватниот сектор.[20] За Хенри Кисинџер, американски стручњак за меѓународни односи и дипломат, дипломатијата е слуга на државничката способност. Кисинџер дава дефиниција за дипломатијата: способноста на меѓусебно поврзување на државите – не со сила, туку преку договор. Дипломатијата е, всушност, способност на воздржаност, таа е механизам на рамнотежа на силите и инструмент со кој државите ја прифаќаат границата на самоконтролата. За успешно спроведување на дипломатијата, исклучително важна е интуицијата на оние што ја реализираат – дипломатите.[21]

---

[18] Melissen, J. The new public diplomacy: Between theory and practice, Palgrave Macmillan, 2005.
[19] Bayne, N., & Woolcock, S, The new economic diplomacy: Decision-making and the role of international institutions in global governance, Ashgate Publishing, 2011.
[20]Cooper, A. F. *Global diplomacy: Theory and practice*, Routledge, 2008.
[21] Knežević S, Lakić T, Osnovi diplomatije, Univerzitet Crne Gore, Podgorica, 2024, str. 11.

# 3. Видови дипломатија

Поимите „дипломатија“ и „надворешна политика“ се неразделни, но не се синоними. Надворешната политика на државата треба да се разбере како сет на цели и методи и средства што се користат за исполнување на надворешната функција на државата, а ова исполнување се врши во дипломатската, економската, воената и во идеолошката сфера. Дипломатијата сама по себе е основната форма на дејствување на државата во странство. Затоа, како што може да се забележи, поимот „дипломатија“ има потесно значење отколку поимот „надворешна политика“. Последната претставува надворешна стратегија на државата за дејствување, додека дипломатијата е одреден вид тактика што се состои во идентификување на проблемите и потоа, избор на методи и средства за нивно решавање, со што се исполнуваат целите на надворешната политика. Затоа, дипломатијата е инструмент/алатка на надворешната политика.[22]

Постојат повеќе модели на дипломатија. Со текот на времето се појавиле нови видови дипломатија и освен на преговорите, почнало да се става акцент и на други функции на дипломатијата. Тие други функции вклучуваат собирање информации, лобирање, појаснување намери, поддршка на одредени активности, помагање на сонародници што се во странство, промовирање јавни симпатии кон странска политика итн. Проширувајќи го фокусот на дипломатијата, вклучувајќи ги сите функции на дипломатијата, се појавиле различни модели или канали преку кои се вршат сите функции на дипломатијата. Во овој дел ќе дадеме објаснување за некои видови дипломатија.

## 3.1 Тајна и јавна дипломатија

Под тајна дипломатија се подразбираат преговори во врска со кои во тајност се чуваат некоја од следниве компоненти:

- содржината на преговорите;

[22]Wizimirska K, The art of diplomacy in the context of contemporary international relations, Journal of science of the military academy of land forces, Volume 48 Number 4 (182), 2016 p. 98

- фактот дека тие се водат;
- содржината на спогодбата до која довеле успешните преговори;
- фактот дека има спогодба како резултат на успешните преговори.

Дипломатската активност што се одвива преку тајни канали, надвор од очите на јавноста, а преку посебно избрани експерти, се нарекува тајна дипломатија. Во ваквиот вид комуникации пишаните пораки, по правило, се доставуваат без официјални обележја и без потпис. Ако станува збор за тајни преговори, тогаш тие се одржуваат на некои непознати места, при што само мал број личности се запознаени со тоа. Ваквото политичко тајно дејствување е еден од сегментите на прикриеното дејствување. Подрачјето на „прикриените акции" е лоцирано во меѓупросторот на дипломатијата и шпионажата. Јавната дипломатија по завршувањето на Студената војна доби поголема важност: ширењето на демократијата, енормниот пораст на медиумите и зголемување на бројот на невладините организации на глобално ниво, ја променија природата на моќта и уште повеќе ја ограничија слободата на дејствување на националните влади.

Едвард Мароу ја дефинирал јавната дипломатија преку разликата од традиционалната дипломатија, на тој начин што јавната дипломатија вклучува меѓусебни односи не само со владите, туку и со невладини лица и организации. Предизвик за јавната дипломатија е да ги поврзе конкурентните национални дебати и да го трасира патот на промените. Целта нема да биде само да се добие битката за јавното мислење дома, туку да се убеди јавноста во поголемиот дел од државите, да ги согледаат проблемите од наша перспектива и да изврши притисок врз нивните национални влади. За да се постигнат ваквите цели, потребна е добра координација на оние што се залагаат за промена – владиниот и невладиниот сектор.[23]

Пресудно влијание на афирмацијата на терминот јавна дипломатија имал хардвардскиот професор Жозеф Ај, инкорпорирајќи го во својата теорија на „мека моќ" кон крајот на осумдесеттите години на минатиот век. Жозеф Ај моќта ја дефинира како „можност да се влијае врз однесувањето на другите за да се добие посакуваниот резултат", и објаснува дека стратегиите на присила или награда не мора да бидат единствениот пат за остварување поволен резултат, туку до него може да се

[23] Богданова Ј, Превентивна дипломатија, улогата на УНПРЕДЕП во Република Македонија, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2011, стр. 13

дојде и преку поседување на одредена „привлечност". Конфузија настанува поради несогласувања околу тоа дали јавната дипломатија претставува само продолжение на функциите на класичната дипломатија, која во новите услови на економска глобализација и информациска поврзаност, својата цел на спроведување на надворешната политика на државата на која ѝ припаѓа мора да ја извршува на изменет начин, или пак се работи за квалитативно различна дејност чија функција не е секогаш политички вкоренета, туку во себе може да вклучи цел спектар на меѓународни активности, од кои некои дејствуваат сосема автономно од државната власт и политика.[24]

Ѓорѓе Лукиќ смета дека „тајната дипломатија е начин на водење надворешна политика што подразбира избегнување увид и, особено, контрола од страна на јавноста:

1. традиционално, тоа значи тајност на фактот дека се одржуваат такви преговори и/или тајност на содржината на тие преговори;
2. во современа смисла, може да значи тајност на содржината на преговорите, тајност на договорот до кој се дошло до преговорите или, пак, тајност на фактот дека воопшто е постигнат договор.

Нејавна дипломатска дејност е неизоставен елемент на меѓународните односи. Поради нивната чувствителност, неопходна е тајност, односно дискретност во процесот на решавање спорови или други прашања, преговори и слично. Чување на тајноста е еден од важните елементи на доверба меѓу субјектите на меѓународните односи, особено државите." Во таа смисла, тајни дипломатски претставници се јавуваат како „овластени лица што доверливо и тајно ги завршуваат државните работи во странска држава. Се смета дека уживале безбедност и неповредливост како ополномоштени министри, без екстериторијалност и соодветниот дипломатски церемонијал.[25]

[24] Otović Višnjić F, avna diplomatija ili politička propaganda prema inostranstvu: de je konceptualna razlika? Univerzitet u Beogradu Fakultet političkih nauka, str. 134
[25] Kolev D, Tajna diplomatija i interesne sfere: primer balkanskog poluostrva, Časopis za ekonomiju i tržišne komunikacije, 2016, str.363

## 3.2 Мултилатерална и билатерална дипломатија

Обемот на билатералните односи меѓу две земји може да се движи од односи карактеризирани со соработка и пријателски тон на посетите, до непријателски односи. Билатералната дипломатија во поширока смисла ги опфаќа сите контакти меѓу две земји на политичко ниво, како што се посети, преговори, но и динамиката на заладување на односите кога тоа го бараат условите, неразбирањето и конфронтацијата за спорни прашања. Модерната дипломатија се карактеризира со експанзија на мултилатералната дипломатија, чии почетоци се поврзуваат со првите меѓународни конгреси и конференции. Од крајот на 19 век до денес, формирани се голем број меѓународни организации, кои покрај државите, стануваат значајни субјекти на меѓународното право. Во услови на обем и интензитет на меѓународните односи, билатералната дипломатија не би можела да ги задоволи потребите на современата меѓународна соработка, па значителен дел од меѓународните односи се водат преку мултилатералната дипломатија, особено во рамките на активностите на меѓународните организации.

На ниво на меѓународната заедница, разни форми на мултилатерална дипломатија претставуваат основен вид меѓународна дипломатска комуникација. Мултилатералната дипломатија во суштина се совпаѓа со други облици на дипломатија, но се разликува од нив по тоа што многу актери вклучени во мултилатерални преговори користат посебни дипломатски техники и стратегии. Особено внимание се посветува на правилното разбирање и примена на процедурите и правилата на меѓународните организации, конференции и форуми. Овој облик на дипломатија обично вклучува учество на повеќе актери, меѓу кои се држави, меѓународни организации, невладини организации и други важни субјекти, со цел да се постигне колективно решение за глобални или за регионални прашања.[26] За разлика од билатералната дипломатија, која се одвива меѓу две држави, мултилатералната дипломатија подразбира интеракција и преговори на повеќе страни, кои во многу случаи мора да се усогласат во поглед на различни интереси и приоритети.[27]

[26]Јанковић П, Мултилатерална дипломатија као неминовност савремене дипломатије, razvoj društva kroz prizmu nauke - zbornik radova, Прегледни научни рад, 2022, стр. 123.
[27] Knežević S, Lakić T, Osnovi diplomatije, Univerzitet Crne Gore, 2024, str. 101

## 3.3 Самит-дипломатија

Самит-дипломатија, или дипломатија на врвот, е форма на дипломатска активност, средби и состаноци од страна на шефовите на држави или влади на две или повеќе држави. Брзиот развој на дипломатијата на врвот во 20 век придонесе самит-дипломатијата да стане составен дел на политичкото општење меѓу државите, за разлика од минатото кога посетите и средбите од страна на шефовите на државите биле ретка и исклучителна појава. За разлика од самитите на кој присуствуваат повеќе држави, на самитите на државите или шефови на држави коишто се моќни и богати се носат значајни меѓународни одлуки. За основач на самит-дипломатијата се смета Винстон Черчил, кој уште во 1950 година го истакнал значењето на самитот меѓу Истокот и Западот, поради премостување на затегнатоста и решавањето на многубројни меѓународни проблеми. Ернест Беван (повоениот шеф на британската дипломатија) ги поставил темелите на самит-дипломатијата на западните земји.

Под услов дипломатијата како професија и организација да го даде својот максимум, самитите во ниеден случај не можат да ја загрозат дипломатската активност на една држава, напротив, може само да ја збогатат и да ја надополнат во најголем број случаи.[28]

Со забрзувањето на процесот на глобализацијата и зголемувањето на меѓузависноста, се појавија клучни глобални проблеми од областа на емиграцијата, екологијата, како последица на брзата индустријализација, организираниот криминал и сл. Сите овие проблеми се наметнуваат како меѓународни, затоа што ја надминуваат физичката граница на државата како меѓународен субјект и на тој начин влегоа во агендите на голем број самити. Агендата на самитите е многу важен елемент и предуслов за нивната успешност (Вилман, 2000). Потребно е утврдување на реални цели и решливи проблеми. Агендата, всушност, ги обликува одлуките што се донесуваат.

Интересна е агендата на Г8-самитите, т.е. нејзиниот развој со текот на годините. Еволуцијата на агендата на Г8-самитите е всушност фасцинантна. Првично на овие самити се разговара за меѓународната монетарна политика и за проблемите поврзани со таа област.[29]

---

[28] Достинова Запрова Т, Сотироски Љ, Дипломатска организација, дејност и професија, Универзитет „Гоце Делчев“ - еШтип, 2014, стр. 103

[29] Петрески М, Дипломатија на највисоко ниво (САМИТ) Универзитет Кирил и Методиј, Скопје, 2013, стр. 184

## 3.4 Кибердипломатија

Постојаното менување на меѓународната средина и брзиот напредок на информациските и комуникациските технологии (ИКТ) суштински го менуваат традиционалниот начин на дипломатијата. Во дигиталната ера, користењето електронски алатки стана секојдневна рутина за дипломатите, а развојот на киберпросторот ја дефинира глобалната политичка агенда, трансформирајќи ги механизмите на мултилатералната соработка. Во исто време, дигитализацијата на дипломатските интеракции е неразделно поврзана со киберризиците. Недостигот на солидна правна рамка за регулирање на виртуелниот простор неизбежно води до конфликти.

Дипломатијата веќе многу векови е привилегирана форма на државна власт, во фокусот на нациите и политичките елити. Но откако информациските и комуникациските технологии (ИКТ) започнаа да играат клучна улога во водството на јавното мислење, дипломатијата изгледа како да е поедноставена преку користење *Фејсбук*, *Твитер*, *Инстаграм* или *Јутјуб* за комуникација со огромна публика. Потребата да се интегрираат дигиталните технологии во дипломатскиот процес доведе до настанување на кибердипломатијата. Државите обично усвојуваат широки стратегии за справување со различни прашања и користат широки мрежи на ИКТ за да ги изразат своите тековни ставови и идеи за иднината. Тие вклучуваат виртуелна реалност во своите надворешни политики и користат кибердипломатија за да го промовираат својот концепт за меѓународно општество.[30]

Ако дигиталната дипломатија е примена на дигитални технологии во дипломатијата, тогаш кибердипломатијата е примена на дипломатијата во киберпросторот. Еден начин да се размислува за киберпросторот е да се фокусираме на различните нивоа, кои се суштински за неговото функционирање: физичкото (кабли, прекинувачки станици и сл.), логичкото (протоколите што осигуруваат дека податоците пристигнуваат на својата дестинација), податоците (содржината на веб-страници, е-пошта и сл.) и социјалното (во кое луѓето и сè повеќе, уредите интерактираат). Сите овие нивоа се политички и геополитички.[31] Кибердипломатијата претставува сет на дипломатски практики поврзани со широкодефинираното управување на киберпросторот и е нова димензија во меѓународните односи. Министерствата за надворешни работи обично се главни

[30] Shelest H, Kapitonenko M, Diplomacy, Published by NGO “Promotion of Intercultural Cooperation” (Ukraine), Centre of International Studies (Ukraine), 2020, p. 27
[31] USC Center on Public Diplomacy, CPD Perspectives on Public Diplomacy , Cyber diplomacy, Magazine issue 22, 2019, p. 9

актери одговорни за спроведување на кибердипломатската агенда во тесна соработка со други делови на владата, а во некои случаи и под водство на координатор или амбасадор којшто служи како главен кибердипломат. Кибердипломатијата е главниот пат за зачувување и одбрана на отворената, слободна, безбедна и мирна природа на киберпросторот. Најчесто, оваа цел е остварена преку меѓународен дијалог и соработка со партнерски земји и организации. Сепак, заштитата на меѓународниот поредок заснован врз правила значи дека понекогаш е неопходно да се наметнат последици на државни и недржавни актери коишто ги прекршуваат постојните меѓународни закони или ги кршат договорените норми на одговорно однесување.[32] Кибердипломатијата, однесувањето на дипломатијата во однос на интересите на државата во киберпросторот, е премногу важна за да се игнорира. Сепак, учеството на земјите не е идеално. За некои земји, дипломатијата брзо се адаптирала и киберпрашањата сега се цврсто ставени на нивните дипломатски агенди. За други земји, особено за земјите во развој и за малите држави, постојат неколку предизвици поврзани со ограничените човечки и финансиски ресурси, што го ограничува нивното учество и ги прави генерално неактивни во политичкиот простор на кибердипломатијата. Природно, земјите со ограничени ресурси повеќе ќе инвестираат во оние области што ги сметаат за поесенцијални – а најчесто, кибер не е на тој список. Сепак, многу киберпрашања ги надминуваат границите и често напаѓаат на најслабите актери. Мерки за заштита од ранливост мора да бидат применливи – и имплементирани – насекаде. И ниту една земја не треба да се стави над применливоста на нормите за државно однесување.[33]

Киберпросторот стана интегрален дел од животот на поединците, бизнисот и функционирањето на државите. Киберзаканите брзо растат по обем и софистицираност, сè повеќе се насочени кон системите на националната инфраструктура и потекнуваат од противнички држави, но и од многубројни недржавни актери. Голем број држави во светот брзо и интензивно ги градат своите капацитети и усвојуваат национални стратегии и воени доктрини за кибервојување. [34]

---

[32] Cyber diplomacy in the European Union, EU syber direct.
[33] Borg Psaila S, Improving the practice of cyber diplomacy: Training, tools, and other resources PHASE I, DiploFoundation, 2021, p.5
[34] Mladenovi D., Dragan; Jovanovi M., Danko; Drakuli S., Mirjan, Definisanje sajber ratovanja Vojnotehnicki glasnik/Military Technical Courier, vol. 60, 2021, str. 84

# ГЛАВА 2: ВОЕНА ДИПЛОМАТИЈА

## 1. Воената дипломатија како концепт

Во антиката една од најчестите форми на односи меѓу две „туѓи“ општествени организации била војната. Во моментов, истите овие воени институции на државите се поврзуваат едни со други за одржување на светскиот мир.[35] Бидејќи не постои единствена дефиниција која ја дефинира воената дипломатија, неколку автори се осмелиле да понудат концептуализација што ги опфаќа карактеристиките што вообичаено се поврзуваат со терминот. За мајорот Вилард од Армијата на Соединетите Американски Држави, воената дипломатија се подразбира како однесување од страна на воените дипломати, на преговори и други форми на односи меѓу народите, нациите и на граѓаните на нациите, а со цел да се влијае врз средината во која дејствува војската. Сепак, неопходно е да се разбере дека оваа дефиниција е понудена во контекст на голем доктринарен развој од страна на Здружената команда на Соединетите Американски Држави и затоа ниту термините на воените дипломати ниту формите на нивниот развој не можат да се генерализираат. Од своја страна, Азура ја разбира одбранбената дипломатија како:

*[...] збир на неоперативни активности што ги спроведуваат организациите и единиците зависни од Министерството за одбрана во корист на традиционалната дипломатија за спречување конфликти, воспоставување мерки на доверба и за поддршка на хармонични развој на армии на трети земји, во корист на самата држава или на наднационалните организации кон кои е приклучена.*[36]

Иако воената дипломатија на широк начин може да се сфати како метод и акција за водење надворешни односи од страна на војската или дури и од цивилните припадници на Министерството за одбрана, за целите на оваа работа ќе придонесе целосната дефиниција на Азура, а одбранбената и воената дипломатија ќе се сфатат како заменливи. Ова е главно затоа што целта на одбранбената дипломатија мора да се има на ум, надвор од природата на врската и асоцијацијата на актерите што ја спроведуваат. Иако напорите и теоретскиот развој произлегуваат од влијанието на одбранбената дипломатија што се случи во Обединетото Кралство, практиката се разви во модерната доба, за време на Студената војна, меѓу Соединетите Американски Држави и

[35] Katz, Daniel H. Defence diplomacy: strategic engagement and interstate conflict. Routledge, 202

[36] Blanco, Ignacio Azuara. "Diplomacia de defensa." Boletín de Información 308 (2009): 73-116.

Советскиот Сојуз (СССР), цврстата намера да ги задржи своите орбити на влијание, беа воспоставени и зајакнати воените врски со нејзините сојузници во светот, преку испраќање воени експерти, понуда на оружје, воена обука и поддршка на разузнавањето, меѓу другите форми на соработка на широка одбрана.[37] Значењето и улогата на воениот фактор во мир, а особено во војна, како сега, така и порано, доведоа до настанување и развој на воената дипломатија, која стана важен сегмент на општата дипломатија на речиси секоја современа држава, со својот посебен предмет на активност, содржина, метода и средства за работа. Меѓу дипломатијата и војската се воспоставени тесни и меѓузависни односи, затоа што ако целта на војската се дефинира како одбрана на земјата од надворешни непријатели со оружена сила, целта на дипломатијата е многу слична, бидејќи и таа се грижи за одбраната на државата, но по мирен пат.

Дипломатијата, која има силна и добро организирана војска, ќе има многу поголемо дејство и влијание на меѓународен план. Војската што за време на мир помага со способна дипломатија, а за време на војна уште повеќе, ќе има големи придобивки од нејзините акции. Таа успешна дипломатија ќе ги круниса успесите на војската со поволен мировен договор, што и е основна задача на воената дипломатија. Дипломатија што има јака и добро организирана војска ќе има многу поголемо влијание и дејство на меѓународен план. [38]

Воената дипломатија е производ на воените потреби, но и на потребите на државата и на нејзиниот систем, при што воената организација ја инкорпорира во својот систем, во нејзината активност и активностите на релевантната државна политика.[39]

---

[37] Arancibia, Diego. "Diplomacia de Defensa: una aproximación conceptual." Academia Nacional de Estudios Políticos y Estratégicos (2012).

[38] Поповић Н, Обавештајни рад и војна дипломатија, Универзитет у Београду, Факултет Безбедности, 2016, стр. 26

[39] Поповић Н, Обавештајни рад и војна дипломатија, Факултет безбедности, Београд, 2016, стр. 26

## 2. Дефинирање на воената дипломатија

Организацијата и функцијата на воената дипломатија е мошне сложена проблематика. Нејзината првенствена цел е да се дејствува за време на војна, но таа има и определена функција и во состојба на мир. Нејзиното дејствување е определено од сферата на државната политика, а се базира врз респектирањето произлезено од силата на воената организација, додека, пак, улогата на воениот фактор во државниот систем и во политиката на владејачкиот државен апарат е во суштина релевантен, затоа што врз тој фактор се темели државниот систем, додека, пак, државниот апарат се користи за реализирање на своите цели, и на надворешен и на внатрешен план.[40]

Дипломатијата и нејзината сфера на дејствување е во постојан развој во сообразност со променливата природа на меѓународните односи. Глобализацијата на меѓународното општество и технолошкиот напредок имаа огромно влијание врз редефинирање на концептот на безбедноста на државата. Инхерентната променливост на безбедносните концепти ги натера државите да соработуваат поблиску преку вклучување во дипломатските односи на дополнителни структури, како што е безбедносниот и одбранбениот (воен) сектор, кои традиционално не биле дел од класичните дипломатски активности. Вклучувањето на воено-безбедносни структури во рамките на дипломатските активности воведе нов аспект во оваа сфера – така денес во рамките на дипломатијата се вклучува и воената дипломатија. Во литературата се провлекуваат два поима: одбранбена дипломатија (Defence Diplomacy) и воена дипломатија (Military Diplomacy). Двата концепта се користат како синоними во литературата и практиката. Воената дипломатија е релативно нов поим, кој произлегува од потребата да се објасни соработката меѓу државите и меѓународните организации по завршувањето на Студената војна преку една нова политичка терминологија.

Во зависност од практиката на државите, може да се разликуваат потесни или пошироки дефиниции за поимот воена дипломатија, но постои тренд на проширување на концептот како адаптација кон новите предизвици и состојби во безбедносниот сектор и во развојот на меѓународните воени организации, особено на НАТО. При дефинирањето на концептот на воената дипломатија, како карактеристики се издвојуваат актерите што учествуваат во водењето на овој вид дипломатија, какви цели остварува оваа дипломатија и каква е природата на активностите. Главни актери на воената дипломатија се припадниците на

[40] Јовановски З, Воена дипломатија, Скопје, 2018, стр. 49

воените сили или цивили во рамките на министерствата за одбрана, кои со своите активности целат кон остварување на надворешнополитичките цели на државата. Притоа, активностите за остварување на овие цели се ненасилни, односно без употреба на воена сила. Според Пјатинка:

„Воената дипломатија е збир на активности што главно ги спроведуваат претставниците на органите на државната одбрана, како и на другите државни институции, насочени кон остварување на надворешнополитичките интереси на државата во областа на безбедносната и одбранбената политика и чие дејствување се заснова врз употреба на преговори и други дипломатски инструменти“.[41]

Воената дипломатија може да се дефинира како сет на активности што главно ги спроведуваат претставници на одбранбените оддели, како и други државни институции, со цел да ги остварат надворешнополитичките интереси на државата од областа на безбедноста и одбраната, при што нивните акции се базирани врз користење преговори и други дипломатски инструменти. Воената дипломатија, како специфична област на дипломатијата, се фокусира, пред сѐ, на остварување на надворешнополитичките интереси на државата во областа на безбедноста и одбраната. Во сегашната практика на меѓународни односи, таа претставува една од најважните форми на надворешнополитички активности на повеќето држави. Во теоријата на меѓународни односи, а особено во дипломатската наука, сепак, на темата воена дипломатија (во значењето дефинирано погоре) се посветува релативно малку внимание, споредено, на пример, со економската или со културната дипломатија. Слично, во областа на безбедносните студии, воената дипломатија не е широко проучуван предмет.

Причината зошто воената дипломатија е релативно ретко разгледувана тема во теоријата на меѓународни односи, веројатно лежи и во фактот што во практиката оваа област често е тесно поврзана со разузнавачките активности на воената разузнавачка служба. Во многу случаи, тоа води до тоа што надлежните јавни органи не се подготвени да ги откријат информациите на оваа тема, со што се создава недостиг на релевантни извори врз основа на кои би било возможно да се спроведе сеопфатно истражување.[42]

[41] Кукушев А, Шапкоски В, Униформирана дипломатија, Институт ПРЕСПА – Скопје, 2024, стр. 4
[42] Pajtinka E, Military diplomacy and its present function, 2016, p.180

## 3. Терминологија и концепт на воената дипломатија

Воената дипломатија претставува военодипломатска организација - институција што ги планира, ги организира и ги води воените односи со странство, користејќи сопствена методологија (методи, сили и средства) за реализација на задачите од воена природа во меѓународните односи.[43] Првите пишани референции за одбранбената дипломатија се наоѓаат во Стратегискиот одбранбен преглед (SDR), на Обединетото Кралство (1998), и во кој е дефинирана целта „да се приспособат британските вооружени сили кон новата геостратегиска реалност, фундаментално преку подобра синергија на дипломатијата и одбраната“.[44] Во минатото, воената дипломатија главно се фокусирала на класични задачи, како што се претставување на националните воени интереси и собирање информации за воените сили на другите држави.

Воените аташеа имале статична улога, работеле во рамките на амбасадите и главно се занимавале со набљудување и известување. Воената дипломатија се користела како средство за директни преговори за мир, сојузништва и договори за разоружување или поделба на сфери на влијание меѓу големите сили. Се темелела врз лични контакти, формални средби и договори, и нејзиниот успех во голема мера зависел од стратегиските интереси и ривалства на државите. Современата воена дипломатија е многу поразновидна и интегрирана во комплексната мрежа на глобалната безбедност. Таа вклучува мултилатерални односи преку организации, како што се НАТО или ОН, каде што се одвиваат постојани преговори за управување со кризи, мировни мисии и размена на информации. Технологијата игра централна улога, овозможувајќи побрзо разузнавање, кибербезбедносни операции и употреба на дигитални алатки за преговарање и размена на податоци.

Современите воени дипломати не само што учествуваат во традиционални дипломатски активности туку и активно придонесуваат за превенција на конфликти, управување со хуманитарни кризи и зајакнување на меѓународните регулативи за воено дејствување. Во текот на античката и средновековната историја, испраќањето воен персонал на странска територија вообичаено се поврзувало со акт на агресија што доведувало до војна. Во моментов, испраќањето воен персонал во друга држава е одраз на силата на билатералните односи и посветеноста за решавање на конфликтот преку мирни средства

---

[43] Белеска М, Улогата на економската дипломатија во остварувањето на безбедноста, Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр.42

[44] Robertson, George. "Strategic Defence Review: Modern Forces for the Modern World." Parliamentary Review. London, UK: Ministry of Defence (1998).

и соработка за да се придонесе за меѓународната безбедност. Оваа практика е врамена во концептот на одбранбена дипломатија, или воена дипломатија, која се роди, се развиваше и зајакна благодарение на различните варијабли што ќе бидат разгледани во овој дел од магистерската теза. Јасно е дека динамиката на конфликтот и безбедносните закани се многу променети од крајот на Студената војна. Како што веќе беше наведено, денес постојат неколку закани на меѓународната сцена што се нетипични за воената природа на одбранбените институции на државите. Затоа, за да бидат ефективни во стратегијата за задржување на овие закани, мора да се земат предвид пристапите надвор од воената супериорност, како што истакнува Џорџ Кенан во својата „Долга телеграма" од 1946 година, на почетокот на Студената војна.[45] Затоа, сегашните стратегии мора да бидат мешавина од воени и цивилни средства за да се постигне многу поголемо влијание и ефективност, исто како што паметната моќ е посочената точка меѓу комбинацијата на тврда моќ и мека моќ, што, пак, генерира вид фер микс на атрибути.[46] Меката моќ дури беше спроведена во практика од страна на војската преку одбранбената дипломатија многу години пред да влезе во академскиот свет или дури и да биде зачната. Тоа беше алатка воспоставена преку силна академска размена и заедничка обука меѓу земјите во време на мир.[47]

Слично на тоа, паметната моќ ги фаворизира земјите на кои им недостасуваат способности, и во тврда и во мека моќ, да постигнат максимизирање на нивните цели. Сепак, терминот воена дипломатија нема консолидирана теоретска конструкција во повеќето земји, што не е поткрепено со долгата практична историја на воените односи на меѓународно ниво. Затоа, неопходно е да се понуди концептуален пристап што фаворизира широко разбирање на воената практика во меѓународните односи, односно комбинација на карактеристики меѓу конвенционалната, мироољубива и убедлива дипломатија и воената, принудна и насилна сфера, со цел соочување со нови закани и ограничување на вооружените конфликти.[48]

---

[45] Koerner, Wolfgang. Security Sector Reform: Defence Diplomacy. Parliamentary Information and Research Service, Library of Parliament, 2006.
[46] Nye, Joseph S. "Soft power: The means to success in world politics." Public Affairs 10 (2004).
[47] Jones, Phil. The military contribution to soft power: A comparative analysis. Royal College of Defence Studies, 2010.
[48] Arancibia, Diego. "Diplomacia de Defensa: una aproximación conceptual." Academia Nacional de Estudios Políticos y Estratégicos. (2012).

## 4. Функции на воената дипломатија

Воена дипломатија е составен дел на општата дипломатија на повеќето современи држави, па така, нејзиното правно уредување се заснова врз одредбите на Виенската конвенција. Со оглед на тоа што се работи за специфична и чувствителна област на одбрана и безбедност, постојат и специфичности во примената на Конвенцијата кога станува збор за примената на конвенцијата на одбранбената (воената) дипломатија. Покрај тоа, факт е дека секој систем на одбрана е строго правно уреден на национално ниво, каде што се прецизно дефинирани надлежностите на секоја команда, единица и институција, што дополнително ја комплицира веќе комплексната работа на дипломатската служба.[49]
Според Ерик Пајтинка, врз основа на анализа на релевантна специјализирана литература и на резултатите од сопствено емпириско истражување, меѓу основните функции што ги извршува воената дипломатија или може да ги извршува денес, можеме да го вклучиме следново: [50]

1. Собирање и анализа на информации за вооружените сили и безбедносната состојба во државата на прием.
2. Унапредување на соработката, комуникацијата и меѓусебните односи меѓу вооружените сили на државата испраќач и на државата примач.
3. Организирање работни посети на претставниците на одбранбените органи и мирен престој на воените единици на државата испраќач во државата на прием.
4. Поддршка на деловни договори со оружје и воена опрема меѓу државата испраќач и примателот.
5. Претставување на државата испраќач и нејзините вооружени сили на официјални церемонии и други настани во државата на прием.

Врз основа на анализата на релевантните специјализирани извори - книги и на резултатите од анкетата меѓу воените дипломати, може да се издвои собирањето и

[49] Blagojević, V, Primena Bečke konvencije o diplomatskim odnosima na odbrambenu (vojnu) diplomatiju, Univerzitet u Nišu pravni fakultet, 2020, str.92
[50] Pajtinka, Erik. "Military diplomacy and its present functions." Security Dimensions. International and National Studies 20 (2016): 179-194

анализата на информации за вооружените сили и безбедносната состојба во државата на прием, како релативно најважна функција на воената дипломатија. Воената дипломатија има важна и комплексна улога во современата меѓународна безбедност. Нејзините функции опфаќаат широк спектар на активности, од спречување конфликти и кризно управување, до активно учество во глобалните иницијативи за разоружување и контрола на вооружувањето. Како што се менуваат глобалните закани и безбедносната динамика, така и функциите на воената дипломатија ќе продолжат да се развиваат и да се адаптираат во одговор на новите предизвици.

Како и со амбасадорите и со другите цивилни дипломатски функционери, најсериозните земји во светот им доделуваат многу важна улога на нивните високи воени команданти во однос на нивната способност да ги зајакнат институционалните врски меѓу нациите, без разлика дали имаат слична култура или не, идејата дека она што е навистина релевантно се „интересите" на државата, а не намерите или личните афинитети што може да ги имаат луѓето што имаат високи јавни функции, без разлика дали се во цивилната или во воената политичка администрација на секоја земја. Иако реалноста, дури и меѓу најмоќните земји во светот, покажува дека глобалното присуство на нивните амбасади со државни службеници е повообичаено од нивните соодветни канцеларии на воени аташеа. Исто така, точно е дека сите важни нации (во политичка, економска и воена смисла) доделуваат дел од најдобрите офицери на своите вооружени сили да вршат функции како воени аташеа или советници на амбасадорите во тие нации од интерес.

Канцелариите на воените аташеа имаат повеќе цели, меѓу нив најзначајни се:

- зајакнување на меѓусебното знаење меѓу земјите и нивните вооружени сили,
- учење за одбранбените политики, главните проекти за набавка и развој на оружје,
- ширење на државните геополитички интереси, фокусирајќи се на природните ресурси итн.,
- промовирање на државната одбранбена индустрија, и јавна и приватна, олеснувајќи го нејзиното вметнување на нови пазари и/или учество во проекти за стекнување преку неутрализирање,

- промовирање на државната култура и историја и друго.

На почетокот на своето модерно постоење во 19 век, воената дипломатија се фокусираше речиси исклучиво на извршување на функциите што се однесуваат на собирање и анализа на информации за вооружените сили и за безбедносната ситуација во странските земји, со акцент на евалуацијата на сегашната војска, како и заканите и можностите за воена интервенција. Овој традиционален фокус на воената дипломатија е добро документиран, на пример, во упатствата за австриските империјални воени офицери што работат на позиции на воени дипломати во дипломатските мисии на Австриската Империја во странство, составени од извонредниот воен командант и стратег, Ерл Џ. Радецки. Од нив дознаваме дека улогата на воените дипломати била особено:[51]

- за да добијат прецизни и детални информации за вооружените сили на нивната држава на прием, на пример, за бројот на специфични типови војници, нивните обуки, тактики, внатрешна организација на штабот, но исто така и за личните и професионалните квалитети на значајните воени команданти;
- за да се дознаат информации за настани значајни од воена гледна точка, како што се изградбата на воени тврдини или други воени објекти, набавките на ново оружје или невообичаена концентрација на војници во државата на прием;
- за да се дознаат информации за движењето на војниците како и за текот на воените операции извршени од државата на прием во однос на трета земја.
- за да се собере знаење за важни воени цели и природата на локалното опкружување во државата на прием во однос на потенцијалните опции за управување со воените операции против неа;
- за да се собираат информации за официјални документи, специјализирани публикации, мапи и други документи што може да содржат воени релевантни информации.

[51]A. Vagts, The Military Attaché, Princeton University Press, New Jersey 1967.

## 5. Задачи на воената дипломатија

Дипломатијата е сет на елементи, процеси и релации што се однесуваат на реализацијата на целите и интересите на својата држава во однос на други држави или меѓународни организации. Дипломатијата на државата е сет на стратегии, операции, тактики и програми на државата во нејзината надворешна политика со кои се остваруваат интересите на државата како меѓународен субјект.[52]

Најсензитивните задачи на воената дипломатија се оние што се однесуваат на презентирање на вооружените сили на матичната држава кај вооружените сили на земјата домаќин. Во оваа ситуација, воените дипломати имаат улога како претставници на вооружените сили на матичната држава и нејзиниот министер за одбрана. Воениот дипломат има улога на државник што секогаш води политика што е во интерес на вооружените сили на матичната држава во државата домаќин. Мора да се напомене дека воениот претставник тоа секогаш го извршува строго службено, поточно на јавни манифестации, балови, коктели, приредби на земјата домаќин, одредени свечености и други активности. Една од позначајните задачи на воената дипломатија е заштитата на интересите на вооружените сили на матичната држава, како и интересите на припадниците на вооружените сили.

Оваа задача се состои од преземање определени мерки, активности и дејства со тенденција да се заштитат интересите на армијата на матичната држава и нејзините припадници кога се наоѓаат на мисија во друга држава. Поточно, основна задача на воената дипломатија, односно на воено-дипломатското претставништво, е акредитирањето во друга земја. Акредитирањето се состои од претставување на сопствените вооружени сили, односно вооружените сили на земјата што испраќа воени дипломати, со цел да ги штити сопствените интереси и интересите на воено- дипломатските претставници. Ова е регулирано во Виенската конвенција во член 3 и се прецизирани задачите на воено-дипломатските претставништва, но сепак останува прашањето на кој начин и дали воено-дипломатските претставници успешно ќе ги реализираат своите задачи.[53]

---

[52] Janev I, Perić D.M, Diplomatija, Institut za politićke studije, Beograd, str. 26

[53] Јовановски З, Воена дипломатија, Скопје, 2018, стр. 54

## 6. Аспекти на воената дипломатија

Во насока на остварување на функциите и задачите, воената дипломатија мора да ја добие својата соодветна важност при спроведување на националната политика поврзана со дипломатијата. Токму креаторите на политиките треба да ги користат овие воени алатки за извршување на дипломатијата. Аспектите на воената дипломатија вклучуваат:

- **Одбранбени дијалози**

Дијалозите за политичките, безбедносните и стратегиските прашања се одвиваат на највисоко ниво на земјата. Овие дијалози ќе послужат за да се овозможи разбирање на загриженоста на учесниците и да се воспостават области од заеднички интерес. Овие дијалози можат да бидат на политичко ниво или на национално ниво на раководство - шеф на држава, влада, министерство и граѓанско и воено стручно специјалистичко ниво во рамките на владата и вооружените сили.

- **Договори за соработка во областа на одбраната, меморандуми за разбирање/спогодби**

Договорите за соработка во областа на одбраната, меморандумите за разбирање, редовно се потпишуваат овозможувајќи им на вооружените сили нормални активности за време на мир. Овие договори може да се движат во рамките на заемна помош до соработка, притоа обезбедувајќи соодветните позиции да се идентификуваат и да се евидентираат за да се зајакне довербата и да се спречи недоразбирање во подоцнежна фаза.

- **Транспарентна на националната одбранбена политика**

Одреден степен на транспарентност може да се обезбеди во националната одбранбена/воената политика преку разни медиуми и достапни извори на информации, како што се веб-страници, списанија и итн., и тоа помага во креирање на реални процени и соодветни одговори. Ваквата транспарентност може да рефлектира разбирање и соработка, но може да не влијае или да ги промени одбранбените капацитети.[54]

[54]Јовановски З., Дипломатија и меѓународно право, 2023, стр. 109

## 7. Безбедноста како приоритет на воената дипломатијата

Идентификувањето на суштината и природата на безбедноста претставува комплексен и мултидимензионален проблем и предизвик. Постои консензус дека безбедноста подразбира слобода од закани за основните вредности. Но има несогласување дали главниот фокус на истражувањето треба да биде на индивидуалната, националната, меѓународната безбедност или на интегралната безбедност. Во периодот на Студената војна беше доминантна идејата за националната безбедност, која, главно, беше дефинирана со воени термини.[55]

Во меѓународните односи дипломатијата е примарното средство со кое земјите ги унапредуваат своите интереси на национално ниво. Кога дипломатијата потфрла, тие интереси најчесто се водат преку употреба на воена моќ. Воената дипломатија во денешно време е, пред сѐ, мировна активност и стана главна задача на вооружените сили и нивните одговорни министерства. Таа е врамена преку соработка меѓу сојузниците и другите странски земји, особено оние подложени на процесот на транзиција кон постконфликтни и демократски општества, каде што може да биде и се користи како алатка за промовирање современа надворешна и безбедносна политика. Воената дипломатија се покажа како исклучително корисно средство за спроведување на интересите на национално ниво без конфликти.

Според теоретичарите и практичарите, концептот на воената дипломатија е поимен како некаков вид оксиморон, нешто слично на воената интелигенција, но во сложеното глобално безбедносно опкружување се докажува неговата вредност. Ова претставува формален аспект на воената дипломатија, бидејќи воените офицери се акредитирани во странските и во прекуокеанските мисии и работат според насока на амбасадорот или на високиот комесар.[56] Критичните безбедносни училишта обезбедуваат важни концепти што придонесуваат за разбирање и релевантност на соработката и дипломатијата меѓу безбедносните и одбранбените организации на различни држави. Прво, новите димензии на безбедноста вклучуваат закани што поттикнуваат проширување на спектарот на дејствување на безбедносните и одбранбените сили. Бузан (1991) наведува дека иако основната линија на безбедноста е опстанокот на државите, таа мора да вклучува

[55] Ѓуровски М, Основи на безбедност - концепциски безбедносни пристапи, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија ,Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, 2021, стр. 11

[56] Бакрески О, Барџиева Миовска Л, Дипломатија и безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2023 стр. 301

поширок опсег на грижи што влијаат врз условите на постоење.[57] Така овој автор ги вклучува концептите на еколошка, економска, социјална и политичка безбедност, без да ја остави настрана воената безбедност. Проширувајќи го спектарот на закани што влијаат врз безбедноста на државите и на поединците, мора да се вклучат и можностите на агенциите задолжени да ја гарантираат. Иако може да се направи пристап заснован врз вклучување нови актери за соочување со нови закани преку сеопфатни мерки, капацитетите на воените институции исто така мора да се прошират и да се продлабочат за сеопфатно да се решат заканите и да се зголеми влијанието на нивните дејства. Поради горенаведеното, вооружените сили на државите стекнуваат нови способности надвор од војската, што бара доктринална промена. Вака управувањето со ризикот, кибербезбедноста, финансиската сигурност и превенцијата од пандемијата се централни теми за безбедносните организации. Исто така, погодно е да се забележи дека меѓународната практика за стекнување нови способности се заснова врз воена академска и техничка соработка, во средината на која се вршат трансфери на способности и информации за стандардизирање на доктрината и способностите на вооружените сили.

Второ, безбедносните проблеми може да се разберат од блиската меѓусебна врска меѓу државите на регионално ниво. Така е земен концептот на регионален безбедносен комплекс, дефиниран како збир на држави чии безбедносни перцепции се толку меѓусебно поврзани што нивните егзистенцијални закани не можат рационално да се анализираат или да се решат без да се земат предвид другите држави.[58] Имајќи го предвид кажано погоре, може да се разбере меѓународната природа на безбедноста и заедничката одговорност на државите пред заканите. Значи, се подразбира дека заканите од една држава можат да влијаат врз друга држава, а најдобриот начин за соочување со споменатата закана е заеднички. Оттука произлегува потребата од соработка во одбраната и безбедноста на меѓународната сцена. Понатаму, врз основа на карактеристиките на овие закани, начинот на соочување со нив мора да започне од воен пристап, без разлика дали е одбранбен или офанзивен. Затоа, се истакнува соодветноста на воената дипломатија за решавање на регионалните безбедносни комплекси.

[57] Buzan, Barry. "New patterns of global security in the twenty-first century." *International affairs* 67, no. 3 (1991): 431-451.

[58] Buzan, Barry, Ole Wæver, and Jaap De Wilde. Security: A new framework for analysis. Lynne Rienner Publishers, 1998.

## 8. Воената дипломатија како алатка за надворешната политика

Надворешната безбедносна политика претставува алатка што настојува да ги реши конфликтите со дипломатски средства и да поттикне меѓународно разбирање што ќе биде засновано врз договорени одредби на меѓународното право, како и да овозможи одржување на мирот, засилување на меѓународната соработка, развој на демократските процеси, владеење на правото, како и почитување на човековите права и слободи.[59]

Воената дипломатија е суштинска алатка за постигнување на стратегиските надворешнополитички цели на Соединетите Американски Држави. Сепак, стратегиската инструментализација на одбранбената дипломатија е основна компонента на проекцијата на моќта барем од регионалните и глобалните сили. Ова се должи на карактеристиките својствени за развојот на споменатиот концепт, кои им недостигаат на другите странски агенции на државите. Сепак, како што е забележано во случајот со средните сили, воената дипломатија се користи како форма на паметна моќ, поради недостатоците во способностите при примена на тврда моќ и мека моќ. Исто така, неопходно е да се разбере дека уште од времињата пред веќе опишаниот теоретски развој, неколкумина автори го истакнале влијанието и учеството на воените институции во различни сценарија на војна. Неколку класични автори на науката за војната, како што се Сун Цу, Фредерик Велики и Карл фон Клаузевиц, ја препознаа меѓусебната поврзаност на воените активности со елементи, како што се дипломатијата, разузнавањето, економијата и другите суштински концепти на националната моќ, за да се постигне поголема ефикасност во политичките акции. Од овие размислувања, можно е да се развие разбирање за воената улога надвор од онаа на воените конфликти. Затоа, може да се види како развојот на воената дипломатија доаѓа од најкласичните референции на теоријата на воените науки, како и од ефективниот одговор на државите на новата динамика и новите предизвици во однос на безбедноста.

Прво, Сун Цу ги воспоставува основите за поврзување на ефектите од воените активности во сценарија што се надвор од насилната рамка на војната, главно, економската. Фридрих Велики ја воведе идејата дека воените водачи мора да вложат дипломатски напори за време на периоди на мир за целосно и длабоко да ја разберат конфигурацијата на опкружувањето на нивниот ривал, за да ја искористат како предност во време на конфликт. Од своја страна, Клаузевиц ја предлага потребата воените лидери

[59]Дамјановски С, Надворешната политика на земјите членки на вишеградската група и нивниот придонес кон заедничката надворешна безбедносна политика на Европската Унија, Филозофски факултет, Скопје, 2019, стр. 14

да бидат и војници и државници за да се постигне сеопфатен и успешен развој на воените операции. Како што вели Вилард во својата анализа на воената дипломатија од страна на Азиско-пацифичката команда на Соединетите Американски Држави (USPACOM), професионалните и личните способности, контролата на огромни материјални ресурси и воените команданти влијаат, поддржуваат и, во некои случаи, тие директно учествуваат во целиот спектар на активности на надворешната политика на САД.[60]

Секако, оваа изјава може да се прошири на сите нации чија национална стратегиска цел е ефективно да влијаат врз меѓународната сцена. Како што беше уочено, еден од најефикасните начини да се постигне ова е стратегиската комбинација на воени и невоени способности. Насоките за надворешна политика во рамките на воената дипломатија се дадени од извршната и од законодавната гранка, кои понекогаш можат да дојдат во конфликт. Токму во овие ситуации се истакнуваат доктринарните способности и искуства на воениот командант на стратегиското сценарио за да ги задоволат двете насоки. Како алатка за надворешна политика, тогаш воените лидери имаат експертиза, ресурси и способности што ниту еден друг оддел или агенција во владата на Соединетите Американски Држави не може да ги користи. Воената дипломатија е претставена како алатка со голема практична употреба за носителите на одлуки во надворешната сфера. Горенаведеното може да го објасни големиот број платформи за состаноци за безбедност и одбрана што ги спроведува воениот персонал, па дури и воспоставувањето канцеларии на воен аташе како начин за дополнување на дипломатските мисии на државите. Понатаму, како што е прикажано во случајот што се проучува, одбранбениот однос е движечка сила на билатералните односи во одредени околности.

Како пример, голем дел од дипломатските програми на Соединетите Американски Држави во сценариото по Втората светска војна беа спроведени од големи воени умови, како што се генералот Даглас Мекартур во Пацификот и генералот Џорџ Маршал во Европа. Маршаловиот план за обнова на Европа бил економски, политички, воен и дипломатски напор конфигуриран и извршен од генералот Маршал во рамките на сценариото на Студената војна. Ова планирање ги овозможи првите стратегиски достигнувања за Соединетите Американски Држави во Студената војна, покрај тоа што овозможи обновување на економската, политичката и на социјалната инфраструктура на Западна Европа по Втората светска војна. Исто така, генералот Мекартур ги координираше воените и економските напори на Соединетите Американски Држави за да

[60] Willard, James E. "Military Diplomacy: An Essential tool of foreign policy at the Theater Strategic level." School of Advanced Military Studies (2006): 1-71.

се постигне реконструкција на Јапонија.

Од овој пример, се очекува да се тестира стручноста на воените лидери во спроведувањето и координирањето на различните напори за постигнување стратегиски цели надвор од целосно воената сфера преку спроведување на одбранбената дипломатија. Ефикасната употреба на цивилни и воени средства, консолидирани во воената дипломатија, ни овозможи да набљудуваме како конфликтите меѓу земјите радикално се намалија во последните 40 години. Исто така, воената дипломатија е еден од организациските принципи што им помогнаа на западните земји да пристапат, на заеднички и сеопфатен начин, кон новите меѓународни безбедносни закани. Затоа, од суштинско значење е безбедносните агенции да воспостават ефективни одбранбени односи со своите колеги во други земји, особено во области каде што ефикасноста може да биде ограничена поради внатрешни безбедносни проблеми.[61] Од оваа констатација можеме да ја екстраполираме динамиката на соработката во воената дипломатија, која се заснова врз извоз на капацитети во земјите што бараат ваква соработка поради слабостите во нивните институции, како и можноста за нудење искуства стекнати од други земји во воени полиња.

По претходниот теоретски развој, јасно е дека воената дипломатија совршено се вклопува во надворешната политика на државите и одговара на потребите на меѓународната ситуација. Воената дипломатија го фаворизира растурањето на билатералните непријателства, изградбата и одржувањето на довербата и помошта во развојот на демократијата и безбедносните услови, што резултира со спречување конфликти и решавање на безбедносните проблеми. Овие односи сеponеформални и полесни за остварување од традиционалните дипломатски односи и го фаворизираат градењето доверба меѓу земјите.

[61]Koerner, Wolfgang. Security Sector Reform: Defence Diplomacy. Parliamentary Information and Research Service, Library of Parliament, 2006.

# ГЛАВА 3: ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА НИЗ ПРИЗМАТА НА ВОЕНО-ДИПЛОМАТСКИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА

## 1. Воено-дипломатски претставништва

Во составот на дипломатските претставништва испратени во име на една во друга земја, воените аташеа се комплементарна компонента од исклучително голема важност. Тие се најрепрезентативната фигура на воените институции во дипломатската работа на еден народ. Канцелариите за воениот аташе може да бидат од воена, поморска или воздушна природа. Како што истакнува Морено, настапот на воениот аташе е особено деликатен, поради кревкоста на информациите со кои тој се справува и имајќи предвид дека неговата активност може да биде поврзана со шпионажа. Доколку се случи такво злосторство, билатералните односи, без сомнение, би се влошиле. Затоа, воените аташеа мора да постапуваат отворено и објективно, фаворизирајќи размена на информации со своите колеги во рамките на параметрите на нормалност и законитост. Важноста на воените аташеа лежи во собирањето информации од земјата примач, постигнувањето значајни контакти и застапеноста на нејзината вооружена институција во споредба со нејзините врсници од другите нации.[62]

Исто така, преку канцеларијата на воениот аташе, се олеснува контактот и имплементацијата на меѓународните воени инструменти. Во колумбискиот случај, амбасадите што уживаат поголемо стратегиско значење имаат воен, поморски или воздушен аташе, што фаворизира поприродни и неформални односи и, дополнително, создава односи за чувствителноста на безбедносните прашања. Јасно е дека перформансите и развојот на канцеларијата на воениот аташе се разликуваат од традиционалниот начин на спроведување на дипломатската професија. Тоа е затоа што постојат одредени вредности и обука што ги споделува војската, без оглед на државата што ја претставуваат. „Всушност, воените аташеа развиваат контакти, кои, меѓу колегите, понекогаш излегуваат како помалку формални и, според тоа, покорисни како извор на информации од она што вообичаено се покажува дека е случај меѓу дипломатите и локалните власти“. Особено значаен е квалитетот на овие неформални односи изградени за време на воените аташеа меѓу генералните офицери на различните држави на светот. Неколку од овие офицери одржуваат близок контакт со неколку нивни поранешни

[62] Moreno Pino, Ismael. "La Diplomacia. Aspectos teóricos y prácticos de su ejercicio profesional." México, Dirección General del Acervo Histórico Diplomático (1996).

меѓународни колеги, дури и при извршување на друга поважна функција во нивните земји. Односот што ги олеснува овие можности овозможува директна комуникација меѓу различни воени тела, прашање што фаворизира решавање конфликти или тешкотии коишто можат да се појават.[63] Овие неформални врски се забележани и на меѓународните курсеви на Генералштабот и размената на студенти на различни нивоа на офицерскиот кор.

## 2. Воен аташе

Воен аташе претставува лице што е дел од дипломатската мисија, а на кое му се доверени специфични задачи. Во денешно време, воените аташеа се дел од структурата на дипломатската мисија, подложни се на внатрешната хиерархија и имаат дипломатски статус според Конвенцијата за дипломатски односи. Лицата што се испраќаат на функцијата на воен аташе се активни офицери од државата на акредитација и можат да припаѓаат на копнени, морнарички, реквизитни или воздухопловни сили на својата држава. Воените аташеа имаат право да носат униформа во различни официјални пригоди, на состаноци и церемонии, и тоа не се смета за прекршување на добрите дипломатски обичаи. Функцијата на воениот аташе претставува извршување на сложени активности насочени кон собирање информации, пред сè, од областа на воените сили, но и значително пошироко, имајќи предвид дека за безбедносната позиција на државата се важни многу различни прашања. Значењето на постојаноста на функцијата е особено истакнато во следниов цитат:

„Општопознато правило е дека ако сакаме да разбереме што точно се случува во некоја земја, неопходно е да се следат активностите во таа земја континуирано. Ако не се прави тоа, може да се случи да ни избегаат многу детали, а како резултат на тоа, ќе се создаде ситуација во која ќе се изгуби погледот на целокупниот развој на настаните“.

Често во литературата се наведува дека основните функции на воените аташеа се собирање информации, нивна обработка и испраќање на овие податоци назад во државата на акредитација. Денес значењето на поседувањето информации е огромно, имајќи предвид дека постои значителна динамика во меѓународните односи. Затоа, интересно е

[63] Bechtel, Caroline. "Warriors, scholars, diplomats: The role of military officers in foreign policymaking." New Perspectives in Foreign Policy 14, no. 8 (2017).

следново споредување: „Живееме во време кога информацијата има убивачка моќ, тие што владеат со информациите се посилни и попобеднички настроени од оние што владеат со атомско оружје“. Активностите на воените аташеа не се важни само за дипломатската мисија и за министерството за надворешни работи, туку можат да бидат од огромно значење за целокупната безбедност на државата, нејзиниот курс во водењето на надворешната политика и генерално за стратегиското дејствување на меѓународен и на домашен план.

Активностите на воените аташеа се изразуваат секојдневно, почнувајќи од контактите со официјалните претставници на вооружените сили на земјата домаќин, учеството во официјални средби, присуство на приеми, свечености, разни прослави, паради и други пригоди што ги организира домаќинот за воено-дипломатскиот кор. Воените аташеа може да имаат улога во спроведувањето преговори со државата домаќин, кои имаат цел купување или продажба на воена опрема, како и договарање соработка за спроведување обука на воените единици. Тогаш нивните знаења како активни офицери се драгоцени и можат да помогнат во мисијата којашто државата ја испратила за преговорите во однос на овие теми. Воениот аташе мора да ги познава прописите на земјата домаќин, така што неговата функција на информирање нема да ги загрози виталните национални интереси на земјата домаќин и нема да ги наруши тајните информации и податоци. Ова е особено важно денес, кога големи количини чувствителни податоци се чуваат на компјутери и може да бидат откриени и пренесени во краток рок.[64]

Секако дека во спроведување на функцијата за која се назначени, при собирање информации, воените претставници мора да внимаваат и на „црвените линии“, кои во никој случај не смеат да си дозволат да ги преминат.

[64] Милисављевић Б, Место и улога војних аташеа у позитивном дипломатском праву, Правни факултет Универзитета у Београду, 2019, стр. 17

## 2.1 Дејност на воениот аташе

Носители на дипломатски активности во воената дипломатија се воените аташеа или одбранбени аташеа. Воениот аташе е лице од составот на вооружените сили на една земја што ја претставува одбранбената (воената) сила на својата земја во странство и во таа функција ужива полн дипломатски имунитет и привилегии како дипломатски претставник, согласно со Виенската конвенција за дипломатски односи. Дејноста на воената дипломатија и воените аташеа опфаќа:

- **Унапредување и развој на односите меѓу земјата на испраќање и земјата на прием на мисијата**. Покрај тоа што е задолжен за претставување на своето министерство за одбрана и вооружените сили, воениот аташе дополнително ја врши функцијата на советник на шефот на дипломатската мисија за воени прашања.

- **Собирање податоци за бројот, квалитетот и активностите на вооружените сили на земјата на прием, како и евентуална соработка на војската на земјата на прием со вооружените сили на други држави**. Ова е најчувствителна дејност на воените аташеа, бидејќи често се смета за шпионажа. Во овој контекст, се прави разлика меѓу дозволено и недозволено собирање податоци. Дозволеното собирање податоци се врши на однапред предвиден начин, со дозволени средства и во дозволени рамки, додека недозволеното собирање податоци за вооружените сили може да се квалификува како шпионажа, на што земјата на прием е особено чувствителна бидејќи тоа го нарушува суверенитетот на државата. Пример за прекршување на дозволеното собирање податоци се случил во време на Студената војна. Триесет и седумгодишниот војник Артур Николсон Јуниор, член на американската воена мисија, бил убиен во источногерманскиот град Лудвигслуст додека набљудувал советски тенкови. Тој бил убиен од советска стража, која објаснила дека тој се наоѓал во забранета зона и бил застрелан откако не се придржувал кон предупредувањата.

- **Репрезентативни протоколарни задачи**, во смисла на претставување на воените сили на својата земја во земјата на прием и учество во протоколарни и општествени настани.[65]

[65]Knežević S, Lakić T, Osnovi diplomatije, Univerzitet Crne Gore, 2024, str. 58

## 3. Собирање информации

„Самата постапка на собирање информации може да се врши преку посакувани или дозволени начини, но постојат и недозволени, нелегитимни начини на собирање информации. Легитимните облици на собирање информации од страна на воените претставници се толерираат од речиси сите земји, токму затоа што и тие им ја делегираат таквата задача на своите воени претставници. Дозволените начини на собирање информации се:

1. следење и анализа на медиумите и стручната публицистика,
2. присуство на организирани активности на воено-дипломатскиот кор,
3. побарани или најавени посети на воени единици и установи,
4. официјални и неформални разговори со претставници на вооружените сили и други тела на државната администрација на земјата примателка,
5. контакти со други членови на воено-дипломатскиот кор. (Огорец, 2005:109)

Освен дозволените, постојат и недозволени начини на собирање информации. Одредени воени претставници може да се впуштат во овој спектар заради привлечноста на добивањето информации до кои никогаш не би дошле преку легитимни канали. Најчестите облици на недозволено собирање информации се:

1. ненајавено патување низ територијата на земјата примател,
2. ненајавено или прикриено набљудување на воени објекти и активности,
3. чести контакти со дисиденти и опозициски структури,
4. движење во супсоцијалните структури на општеството
5. купување информации и слично.“[66]

Собирањето информации можеби и не е најважниот дел од работата на воениот претставник, туку „располагањето со информациите и формулирањето на извештаите се сметаат за најважниот сегмент од аналитичката работа на воениот претставник.“

[66] Ivana T, Vojna diplomacija i obavještajno djelovanje, Sveučilište u Zagrebu, Fakultet političkih znanosti, 2023, str. 27

## 4. Улогата на воените аташеа во меѓународните односи

Меѓународните односи се занимаваат со односите преку границите на националните држави.[67] Воените аташеа играат значајна улога во меѓународните односи, претставувајќи ги вооружените сили на нивната земја и обезбедувајќи клучни информации за воените и безбедносните прашања во земјите каде што се распоредени. Тие се одговорни за развој на билатерални односи, учество во дипломатски мисии и обезбедување процени за безбедноста на земјата домаќин (Cottey & Forster, 2004).[68] Овие функции на воените аташеа се клучни за поддршка на националните интереси и зајакнување на соработката меѓу земјите. Воените аташеа често служат како канали за комуникација меѓу вооружените сили на различни земји, обезбедувајќи размена на информации, координација на заеднички воени вежби и развој на стратегии за одбрана. Тие помагаат во идентификување на можни закани и ризици, што е критично за одржување на стабилноста и безбедноста на глобално ниво. Преку нивната работа, тие ги олеснуваат дипломатските напори во обезбедувањето на мирот и безбедноста, како и во решавањето на конфликтите. Улогата на воените аташеа се развива постојано, особено во контекст на зголемениот акцент на меѓународните воени соработки и учество во мултинационални организации, како што се НАТО и Обединетите нации.

Нивната улога не се ограничува само на размена на информации, туку и на координација на активности во рамките на овие организации.[69] Тоа вклучува организирање и надзор на заеднички воени операции, што е од суштинско значење за одржување на глобалната безбедност. Воените аташеа исто така играат клучна улога во зајакнување на политичката и на воената соработка меѓу земјите. Преку нивните активности, тие обезбедуваат информации што се неопходни за донесување одлуки во областа на националната безбедност и воената стратегија. Тие помагаат во воспоставување доверба меѓу земјите, што е од суштинско значење за одржување на мирот и спречување конфликти.[70]

---

[67] Кочоска К, Пристапи кон транснационалниот организиран криминал од призма на доминантните теории за меѓународни односи, Филозофски факултет, Скопје, 2019, стр. 25

[68] Cottey, A., & Forster, A., *Reshaping Defence Diplomacy: New Roles for Military Cooperation and Assistance*, Oxford University Press, 2004.

[69] Ministry of Defence, *Defence Diplomacy: A Strategic Tool for International Relations*, Ministerio de Defensa, Madrid, 2012.

[70] Defence Attaches, *The Role of Defence Attaches in Military Diplomacy*, 2008. Available at: https://www.files.ethz.ch/isn/38583/dcaf-backgrounder-defence-attaches.pdf

# ГЛАВА 4: ВОЕНАТА ДИПЛОМАТИЈА И СОВРЕМЕНИТЕ БЕЗБЕДНОСНИ ЗАКАНИ

## 1. Безбедносни предизвици

Безбедноста секогаш била меѓу првите точки на дневен ред во човечкото општество, практично низ целата негова историја. Меѓутоа, кога зборуваме за современата доба, малку луѓе очекувале дека таа ќе се појави повторно како доминантно прашање токму во периодот по Студената војна, кога се претпоставувало дека развојот и зајакнувањето на демократијата ќе ги потиснат безбедносните загрижености на помалку истакнато место и ќе создадат услови во кои основната безбедност ќе се зема речиси здраво за готово. Наместо поранешните конфликти и трката во вооружување меѓу големите сили и два воени блока, главната закана почна да доаѓа од недржавни актери. Тоа беа заканите произлезени од меѓународниот тероризам, верскиот екстремизам, радикализмот и урнисаните држави во нестабилни региони на светот, со регионални, но и глобални последици. Не е изненадувачки што како резултат на тие промени, интересирањето на државните институции и структури задолжени за безбедност, како и истражувачите и академската заедница, се сврти кон анализата и превенцијата на тие транснационални закани.[71] Безбедносните предизвици со кои се соочува светот денес се многу посложени и меѓусебно поврзани отколку во кој било момент од нашата историја. Доказите сугерираат дека бидејќи меѓугрупниот и меѓучовечкиот конфликт почнал да се повлекува, се појавува соодветна ескалација на други, помалку разбрани познати закани, вклучувајќи ги заканите за природните, економските и социјалните развиени системи од кои зависи општеството. Многубројни истражувања убедливо тврдат дека меѓугрупното и меѓучовечкото насилство експоненцијално опаднало од ерата на просветителството, достигнувајќи историски најниско ниво на крајот на дваесет и првиот век. И покрај извештаите за заканата од исламски тероризам, урбани убиства и други видови насилство, систематската анализа на податоците за стапката на насилство со текот на времето сугерира дека денес можеби живееме во најмиротубивата ера од постоењето на нашиот вид.[72]

Предизвиците, заканите и ризиците за безбедноста може да се класифицираат според

[71] OEBS i savremeni bezbednosni izazovi Zbirka eseja, Organizacija za evropsku bezbednost i saradnju Misija u Srbiji, str. 7

[72] Тасевски Д, Улогата на корпоративната безбедност во справување со современи безбедносни предизвици , Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр. 75

неколку критериуми. Според секторите на безбедност, можеме да разликуваме воени, политички, социјални, економски и еколошки предизвици, ризици и закани. Според потеклото, се разликуваат внатрешни и надворешни предизвици, ризици и закани. Меѓутоа, во современите услови на глобализација не постои граница меѓу внатрешната и надворешната безбедност, па оттука заканите треба да се разгледуваат во контекст на внатрешно-надворешните работи.

Поради динамиката на глобализацијата, заканите добиваат транснационален карактер, а тоа придонесува и за преклопување и вкрстување на безбедносните функции на различни институции, како што се полицијата (задолжена за справување со внатрешните закани) и војската (задолжена за справување со надворешните закани). Во однос на изворот, ризиците и заканите можат да бидат предизвикани од човечки и од природен фактор, додека според носителите, се разликуваат ризици и закани чии носители се актери и оние што се резултат на одредени процеси. Актерите можат да бидат класифицирани на државни и на недржавни актери, како што се терористички или криминални групи.[73]

Теоретски гледано, за спречување на внатрешните предизвици, ризици и закани, првенствено е задолжена полицијата, додека за безбедност при загрозување однадвор е задолжена војската. Меѓутоа, за време на сè поинтензивната глобализација, која го доведува во прашање неприкосновеното значење на меѓународните граници и создава област „внатрешно-надворешен" постојат сè помалку предизвици, ризици и закани што на овој начин можат да се дефинираат. Традиционалните воени предизвици, ризици и закани се сè помалку. Од друга страна, организираниот криминал и тероризмот не само што се интензивираат туку и добиваат растечки традиционален карактер. Границата меѓу внатрешната и надворешната безбедност е сè потешко да се повлече, а бројот на внатрешно-надворешните прашања се зголемува. Сето тоа доведува до преклопување на безбедносните функции на различните оддели на секторот за безбедност, што се огледува во полицизација на војската и милитаризација на полицијата.[74]

[73] Зенделовски Г, Современите безбедносни ризици и закани во време на глобални кризи, Годишен зборник, 2022, сте. 269
[74] Ѓуровски М, Николовски М, Герасимоски С, Безбедносни ризици и закани - третман, феноменологија и мапирање, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, 2020, стр. 13

## 2. Природата на современите безбедносни закани

Современите безбедносни закани се сложени, разновидни и често непредвидливи, претставувајќи значителен предизвик за националните и за глобалните безбедносни структури. Една од главните карактеристики на овие закани е нивната способност да еволуираат брзо, адаптирајќи се кон новите технологии и глобалните услови. На пример, киберзаканите стануваат сè повидливи и опасни поради растечката дигитализација и зависноста од информациски системи.[75] Овие закани не се ограничени само на техничкиот домен, туку имаат и значајни социополитички импликации, особено кога се комбинираат со други форми на хибридни закани.

Покрај киберзаканите, природните катастрофи и пандемиите, како што беше случајот со КОВИД-19, се идентификувани како нетрадиционални закани што можат значително да го нарушат националниот и меѓународниот безбедносен поредок. Пандемиите не само што предизвикуваат директни штети преку болести и смрт туку и индиректно влијаат врз стабилноста преку зголемување на ризикот од радикализација и тероризам.[76] Овие закани исто така ги откриваат и ги зајакнуваат постојните слабости во системите за јавно здравство и безбедност, што дополнително ги усложнува глобалните безбедносни стратегии.

Климата на глобалната политика значително влијае врз природата на современите безбедносни закани. Геополитичките тензии, особено меѓу големите сили, создаваат нестабилност што ги користат различни актери за да промовираат свои агенди. Овие тензии често се манифестираат преку хибридни војни, кои вклучуваат комбинација на конвенционални воени акции, кибернапади и дезинформациски кампањи.[77] Природата на современите безбедносни закани е комплексна и разновидна, барајќи постојано приспособување на стратегиите за нивно ефикасно справување. Овие закани вклучуваат традиционални и нетрадиционални актери и бараат мултилатерална и мултидисциплинарна соработка на глобално ниво.

[75] Ulven, J., & Wangen, G., *Cyber risk and cybersecurity: A systematic review of data availability*, Springer, 2021. https://link.springer.com/chapter/10.1007/978-3-030-85600-72

[76] Faber, P., *Why pandemics are national security threats*, CNA, 2021. https://www.cna.org/reports/why-pandemics-are-national-security-threats

[77] Prezelj, I., Contemporary threats to national and international security, Defence Research Centre, Faculty of Social Sciences, 2023. https://www.nato.gov.si/contemporary-security-threats

## 3. Асиметрични закани и нивното влијание врз глобалната безбедност

Во 21 век безбедноста со соочува со длабока трансформација, тежиштето се префрла од заканите кон ризиците, а тоа води кон поинаква перцепција на безбедноста. Комплексноста произлегува од тоа што современите ризици во многу аспекти се разликуваат од поранешните, тие се непредвидливи и тешко се одредуваат нивните причини, потеклото и ефектите што можат да ги предизвикаат. Тие доаѓаат без предупредување, имаат свое темпо (не чекаат), немаат одреден тајминг или локација.[78] Асиметричните закани претставуваат еден од најголемите предизвици за глобалната безбедност во современиот свет. Овие закани произлегуваат од актери што користат неконвенционални методи за да ги постигнат своите цели, честопати насочени кон искористување на слабостите на силните држави или меѓународни организации. Во оваа категорија спаѓаат терористичките напади, кибернападите, употребата на дезинформации и други нелинеарни методи на борба. Поради нивниот непредвидлив карактер, асиметричните закани тешко се предвидуваат и се контролираат.[79] Еден од главните аспекти на асиметричните закани е нивната способност да предизвикаат големи штети со минимални ресурси. Кибернападите, на пример, може да ѝ нанесат значителна штета на критичната инфраструктура на една држава без потреба од директен физички контакт. Според извештајот на *Homeland Security* за 2024 година, употребата на напредна вештачка интелигенција и автоматизација ја зголемува ефикасноста на овие напади и ја прави нивната закана уште поголема.[80]

Покрај кибернападите, дезинформациските кампањи претставуваат уште еден значаен аспект на асиметрични закани. Употребата на вештачка интелигенција за создавање дезинформации дополнително го комплицира овој феномен, бидејќи овозможува манипулација на голем број луѓе на глобално ниво.[81] Асиметричните закани често се поврзани и со меѓународниот тероризам. Терористичките групи, како што се Ал-Каеда и Исламската држава, користат неконвенционални методи за да ги постигнат своите цели, искористувајќи ги слабостите на државите со цел да ги нападнат таму каде што најмалку се очекува. Овие групи ги користат современите технологии за регрутирање нови членови

---

[78] Зенделовски Г, Современите безбедносни ризици и закани во време на глобални кризи, Годишен зборник, стр. 271

[79] Hendrickson, R. C. The Evolution of International Security. Global Governance: A Review of Multilateralism and International Organizations, 24(4), 2018. 561–571.

[80] Homeland Security, *Homeland Threat Assessment 2024*, Office of Intelligence and Analysis, 2024.

[81] Kaczmarski, M. Global Security in the Age of Populism: The Challenges of Security and Governance. Palgrave Macmillan.2021.

и планирање напади, што ги прави посложени и потешки за спречување.[82] Асиметричните закани дејствуваат преку неутрализирање на предностите на поголемата сила, а се потпираат на индиректни пристапи за постигнување на својата цел. „Асиметрично војување е нетрадиционално војување што се води меѓу воено супериорна сила и една или повеќе инфериорни сили, а ги опфаќа следниве аспекти: евалуација и победа на асиметричните закани, водење асиметрични операции, разбирање и оценување на културната асиметричност и цената на асиметричната закана“. Оваа дефиниција е сеопфатна и прецизна не само затоа што се однесува на асиметричните закани туку, исто така, го отелотворува спротивното на оваа закана, културните фактори, како и трошоците коишто се клучни атрибути, а се често запоставувани во други дефиниции. Заканата во оваа дефиниција ја сочинуваат следниве компоненти: тероризам, криминал, информатички операции, вознемирувачки закани или непознати закани.

Асиметрична војна е навистина различна од традиционалното војување. Традиционалното војување се карактеризира со големи конвенционални ангажмани меѓу воените сили од два или од повеќе актери. Сосема спротивно, асиметричната војна не го потенцира ангажманот меѓу воените сили, напротив, таа се фокусира повеќе на политички, на општествени и на економски мрежи на државата ангажирана во војна. Нивна најчеста цел е политичкиот естаблишмент или креаторите на политиките на нивните противници, а не вооружените сили. Асиметричните непријатели се обидуваат да постигнат победа преку „интензивен и незапирлив притисок врз донесувачите на одлуки, предизвикувајќи ги на крај да капитулираат, независно од воениот успех или неуспех на борбеното поле“.[83]

Предизвиците со кои се соочува општеството во денешно време нужно бараат примена на нови начини на размислување, развивање нови идеи, нивна разработка и имплементација. Дополнително, светската пандемија на вирусот КОВИД-19 донесе многу промени во секојдневниот начин на живот со значително влијание во сите сфери на општеството на глобално ниво.[84]

[82] Lindsey, C. (2018). The Components of Global Security. In The Routledge Handbook of Critical Security Studies (pp. 63–73). Routledge.
[83] Танески Н, Влијанието нс асиметричните закани врз трансформација на суштината и водењето на војната во XXI век, 2013, стр, 25.
[84] Меѓународно списание за наука и уметност – ИДЕЈА, European University – Skopje, 2020, стр. 5

## 3.1 Терористички напади

Новиот тероризам се одликува со воен карактер, екстремна бруталност, односно нов стил на дејствување, што ќе биде поразорен и поубиствен во споредба со традиционалниот тероризам. Новите терористички организации постојано го усогласуваат своето дејствување со современите процеси, достигнување во науката и со техниката, особено со примената на комуникациските технологии и употреба на интернет за потребите на пропаганда, регрутирање, индоктринација, собирање средства и водење психолошка војна. Во економски зависен систем, новиот тероризам ги менува целите и стратегијата на сопственото дејствување. Неговата цел сè повеќе се поместува од едноставен психолошки ефект за креирање страв и несигурност кон цели за масовно разорување делови од светските економски, финансиски или технолошки мрежи.[85] Тероризмот како современа општествена појава претставува метод на политичка борба што подразбира употреба на насилства со цел да се развие страв кај луѓето и владејачкиот слој, со цел да се остварат политичките цели. Најосновното е дека целта на терористите е токму со акциите на насилство кон невини луѓе (кои можат да бидат избрани случајно или намерно), да привлечат внимание и кај домашната и кај светската јавност, да ги застрашат или да ги придобијат за да остварат некои од своите интереси и цели за кои се залагаат. Способноста на една држава во блиска иднина да ги регистрира и да ги открие опасностите што ја загрозуваат или можат да ја загрозат безбедноста на нејзините витални вредности, претставува многу важен предуслов за постоење и развој на таа држава или некоја човечка заедница.[86]

Традиционалните инструменти во борбата против тероризмот сè уште го задржуваат своето значење, но се надополнуваат со нови и иновативни одговори на сè посложените и интензивирачки закани што ги претставуваат терористите и насилните екстремисти. Сепак, постојат знаци дека заканата денес е покомплексна и дифузна, опфаќајќи екстремисти од сите делови на идеолошкиот спектар, кои можат да дејствуваат во мали групи или, во некои случаи, како „осамени волци“. Патиштата на екстремизмот се повеќе разновидни отколку што биле претходно, а како што се развиваат нашите сознанија за современите обрасци на радикализација, превентивните иницијативи против тероризмот станаа доминантни во репертоарот на контратероризмот на

[85] Бакрески О, Милошевска Т, Алчески Ѓ, Заштита на критичната инфраструктура, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2017, стр. 105

[86] Катарина М, Превенција тероризма, Правен факултет, Ниш, 2021, стр.2

национално и на мултилатерално ниво.[87] Повеќето луѓе сметаат дека тероризмот може лесно да се препознае, подготвени се и лесно манипулираат со него во секојдневниот разговор, на јавни собири, па дури и при сериозни политички или дипломатски разговори. Бидејќи не постои единствен и општоприфатен поим за тероризам, иако се работи за појава на денешниот поредок, во правната, социолошката, филозофската, политиколошката и друга литература постојат различни дефиниции на овој поим. Во меѓународните научни и стручни кругови на овој проблем на современата цивилизација се гледа различно. Мотивите на таквото различно однесување кон тероризмот најмногу лежат во фактот дека тероризмот е, пред сè, политички насочен, па така и ставот кон него првенствено се канализира преку политичките интереси. Во државите на кои тероризмот има посилно влијание, стручниот и научниот дел од државата посилно се занимаваат со овој проблем на загрозување на безбедноста. Основните особини на поголемиот дел од дефинициите на тероризмот се составени од постулати дека тој е политички мотивирана употреба на насилство, која со предизвикување и ширење страв треба да обезбеди реализација на примарниот цел на носителите на терористичката дејност.[88]

Доколку се анализира тероризмот од 70-тите години од минатиот век наваму, се забележуваат неколку промени во однесувањето и карактеристиките на терористите. Од мали групи со ограничени цели, тие прераснаа во големи организации со неограничени цели, а тероризмот почнува да наликува на тотална војна. Прва промена на парадигмата на тероризмот, од изолиран криминален акт во организирано насилство како алатка во војна, се случи во текот на 80-тите години од минатиот век на Блискиот Исток. Со терористичките напади во Бејрут настапи ерата на „новиот" тероризам, кој се карактеризираше со самоубиствени напади со цел предизвикување масовни жртви како нов тренд. [89]

Истражувањата на новите терористички активности доведуваат до заклучок дека покрај модернизираните стратегии и тактики, терористите користат и многу современи средства, а не е исклучена и можноста дека тие ќе употребат и средства за масовно уништување.[90]

[87] Крстић М, Тероризам, Посебности дерадикализације исламских терориста, Белград, стр. 237
[88] R. Đorđević D, Vojna intervencija kao sredstvo borbe protiv terorizma, Beograd, str. 466
[89] Barry R. P, The Struggle against Terrorism: Grand Strategy, Strategy and Tactics, International Security. 26(3), 2002 p. 39−55.
[90] Стојановић А, Основне карактеристике тероризма и угроженост безбедности Републике Србије тероризмом, Правни факултет, 2016, стр. 53

## 3.2 Кибернапади

Кибербезбедноста претставува релативно понова област, која ги зафаќа речиси сите аспекти на современото живеење. Специфичната природа на киберпросторот, неговата специфична структура и нематеријалност, го прават комплексен за обезбедување. На крајот од денот, првичната намера на киберпросторот не беше тој да биде „обезбеден“, или уште помалку контролиран.[91] Интересот за кибербезбедноста во меѓународната заедница во текот на последната деценија доживеа експлозивен раст и медиумски е моментално најзастапен во областа на меѓународната и националната безбедност. Глобалните и националните економии сѐ повеќе зависат од информациско-комуникациските технологии, што ја зголемува нивната ранливост на кибернапади и ранливост на зависните општествени и економски системи. Киберпросторот стана интегрален дел од животот на поединците, бизнисот и функционирањето на државите. Киберзаканите забрзано растат по обем и софистицираност, сѐ повеќе се насочени кон системите на националната инфраструктура и потекнуваат од противнички држави, но и од многубројни недржавни актери. Голем број држави во светот забрзано и интензивно градат свои капацитети и усвојуваат национални стратегии и воени доктрини за кибервојување. И најголемите воени сојузи ги препознаа опасностите од киберзаканите и им посветија значително внимание.

Новиот „простор“ нуди големи можности за спроведување специјални пропагандни акции, како и за изведување напади преку компјутерски мрежи врз противничките информатички системи. За овој нов вид конфронтација во виртуелниот простор, во англосаксонските земји се користи поимот кибервојување (англ. *cyber warfare*). Нападите во виртуелниот простор, иако на прв поглед незабележителни, може во реалниот, физички свет да резултираат со човечки жртви и материјални уништувања. Поради тоа, кибервојувањето денес е во фокусот на интерес на теоретичарите и на експертите од областа на воените, информатичките, правните и безбедносните науки.[92]

Кибернападите за многу брзо време прераснаа во една од водечките закани врз комплетниот безбедносен систем како на национално, така и на глобално ниво. Сѐ поголема е свеста и кај најмалите познавачи на оваа проблематика дека киберзаканата

[91] Попоска В, Правни аспекти на кибер безбедноста, УДК: 343.9:004,
[92] Mladenović D. D, Jovanović M. D, Definisanje sajber ratovanja, vojnotehnički glasnik/military technical courier, 2012., Vol. LX, No. str. 284

може да предизвика огромни штети што не би се разликувале од штетите нанесени со каква било воена операција, а кибероружјето, на многу посуптилен начин, може да одземе повеќе животи од каков било конвенционален напад. Владите низ целиот свет, како и сите големи светски организации, се подготвуваат да се справат со овој масивен технолошки повик како за закани од глобални размери. Свеста за заканата и ризиците е висока, што условува, и покрај кризната економска ситуација во светски рамки, издвојување на големи финансиски средства со цел подготовка за одговор на нови вонредни состојби што би биле причинети од глобалните кибернапади.[93]

## 3.3 Миграциски движења

Миграција претставува движење од едно место до друго, не само во рамките на една држава, туку и на регионално и на меѓународно ниво. Промената на местото на живеење или привремен престој има влијание врз квалитетот на животот, напуштање на старите и стекнување нови навики, како и адаптирање кон новата средина. Луѓето што мигрираат се нарекуваат мигранти, без разлика на причините поради кои се селат. За земјата од која се иселуваат тие имаат улога на емигранти, а за земјата во која се вселуваат тие претставуваат имигранти. Појавата на миграции, масовни преселби на луѓе од една во друга држава, е појава што отсекогаш резултирала главно од економски причини, иако во одделни периоди (војни, тоталитарни режими итн.), зад таквите движења стоеле идеолошки, политички и други фактори. Причините за миграција на луѓето најчесто се врзуваат со промената на општественото уредување (распаѓање на големите држави), како и ниската стапка на вработеност, нискиот животен стандард, зголемена стапка на криминалитет, воени интервенции, граѓански војни. Глобализацијата во голема мера ги создава новите демографски промени во насока на создавање големи миграциски процеси од најразлични причини.[94]

Овие мисии, кои обично се водат под мандат на Обединетите нации или на други меѓународни организации, овозможуваат колективен пристап кон решавање конфликти и стабилизирање на региони погодени од нестабилност. Пример за ваква иницијатива е мисијата на Обединетите нации во Мали, која комбинира дипломатски напори со воена поддршка за стабилизирање на ситуацијата во земјата.[139] Дополнително, развојот на „зелената воена дипломатија" е уште една нова форма што сè повеќе добива на значење. Оваа форма на дипломатија се фокусира на интеграција на еколошките прашања во воените операции и дипломатски активности. Воениот сектор има значително влијание врз животната средина, а земјите почнуваат да соработуваат во рамките на мултилатерални иницијативи за намалување на еколошкиот отпечаток од воените активности. Оваа форма на дипломатија не само што ги промовира меѓународните еколошки стандарди туку и го подобрува имиџот на воените сили како одговорни и етички актери.[140] Истовремено, новите форми на воена дипломатија вклучуваат и

[137] Nye, J. S. The Future of Power. PublicAffairs, 2020.
[138] Bauman, Z. Liquid Modernity. Polity Press, 2021.
[139] Gowan, R. The United Nations in Mali: Strategic Gaps and Peacekeeping Challenges. International Peace Institute, 2018.
[140] Friedman, T. L. Hot, Flat, and Crowded: Why We Need a Green Revolution—and How It Can Renew America. Farrar, Straus and Giroux, 2020

зголемена употреба на приватни воени компании во меѓународните операции. Овие компании играат значајна улога во поддршката на воените и на дипломатските операции, обезбедувајќи логистичка поддршка, безбедност и обука. Иако употребата на приватни воени актери може да предизвика етички и правни дилеми, тие се сè поприсутни во мултилатералните иницијативи и операции.[141] Така, хибридните форми на воена дипломатија, кои комбинираат традиционални и нови форми на дипломатски активности, стануваат сè поприсутни. Овие форми овозможуваат поголема флексибилност и адаптибилност на меѓународните актери во справување со комплексни безбедносни предизвици. Хибридните иницијативи често вклучуваат комбинирање на воена поддршка со развојна и хуманитарна помош, со цел да се постигнат долгорочни резултати и да се изгради стабилност во региони погодени од конфликти.[142] Воената дипломатија во иднина ќе продолжи да се развива во насока на помоќни и побрзи механизми за управување со кризи, како и за спречување глобални конфликти.

## 6. Потенцијал за засилување на мултилатералната соработка

Мултилатералната соработка претставува клучен аспект во современата меѓународна политика, особено кога станува збор за справување со глобалните безбедносни предизвици. Потенцијалот за засилување на оваа соработка значително се зголемува со воведувањето нови технологии и дигитални алатки што овозможуваат подобра комуникација и координација меѓу нациите. Современите платформи за комуникација и размена на податоци овозможуваат поефикасно управување со меѓународните безбедносни операции, што го зајакнува капацитетот на мултилатералните иницијативи.[143] Во оваа насока, дигитализацијата овозможува засилување на соработката меѓу државите преку споделување разузнавачки податоци и анализа на информации во реално време. Ова ја подобрува можноста за брза реакција и превенција на потенцијални конфликти, како и за подобра координација на заедничките безбедносни операции. На пример, иницијативите како Глобалниот форум за кибербезбедност покажуваат како мултилатералната соработка може да биде засилена преку иновации во дигиталниот

[141] Singer, P. W. Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry. Cornell University Press, 2019.
[142] Heuser, B. The Evolution of Strategy: Thinking War from Antiquity to the Present. Cambridge University Press, 2020.
[143] Keohane, R. O. Power and Governance in a Partially Globalized World. Routledge, 2019.

простор.[144] Покрај тоа, новите технологии овозможуваат проширување на учеството на повеќе држави и меѓународни организации во мултилатералните иницијативи. Преку дигитални платформи, помалите и помалку развиени држави можат поактивно да учествуваат во меѓународните дебати и процеси на донесување одлуки, што го зголемува легитимитетот и ефикасноста на мултилатералните форуми. Ова е особено важно во контекст на глобалните предизвици како климатските промени и тероризмот, каде што е неопходна глобална акција.[145]

Истовремено, мултилатералната соработка се засилува преку развој на иновативни форми на партнерства меѓу државите, приватниот сектор и невладините организации. Ова го проширува опсегот на можности за заедничка акција и ги зголемува ресурсите достапни за справување со глобалните безбедносни прашања. Пример за ова е соработката меѓу нациите во областа на кибербезбедноста, каде што приватниот сектор игра клучна улога во обезбедувањето на технолошките решенија и експертизата.[146] Новиот технолошки контекст исто така го олеснува создавањето мултилатерални безбедносни иницијативи што се фокусираат на превенција и управување со конфликти во реално време. Ова ја подобрува способноста на меѓународните организации да реагираат брзо и ефективно на кризите, што е особено важно во контекст на асиметрични закани и терористички активности. Технологиите, како што се вештачката интелигенција и големите податоци играат значајна улога во оваа насока, овозможувајќи напредна анализа на податоци и предвидување на потенцијални безбедносни закани.[147] На крајот, засилувањето на мултилатералната соработка преку нови технологии има потенцијал да придонесе кон глобалната стабилност и безбедност. Меѓутоа, потребно е внимателно управување со овие технологии и обезбедување на нивната етичка употреба, со цел да се избегнат злоупотреби и да се обезбеди долгорочна сигурност и стабилност во меѓународните односи.

---

[144] Slaughter, A.-M. The Chessboard and the Web: Strategies of Connection in a Networked World. Yale University Press, 2020.

[145] Zacher, M. W. The United Nations and Global Security. Palgrave Macmillan, 2021.

[146] Barnett, M., & Duvall, R. Power in Global Governance. Cambridge University Press, 2019.

[147] Gartzke, E. The Myth of Cyberwar: Bringing War in Cyberspace Back Down to Earth. Oxford University Press, 2020.

## 7. Примери на успешни случаи на воена дипломатија

Успешната воена дипломатија игра клучна улога во спречување и решавање конфликти низ историјата, обезбедувајќи долготраен мир и стабилност. Еден од најистакнатите примери е Кубанската ракетна криза од 1962 година, кога Советскиот Сојуз и Соединетите Американски Држави се соочија со опасност од нуклеарен конфликт. Воените и дипломатските напори на обете страни доведоа до мирно решение, спречувајќи глобална катастрофа.[148] Овој настан се смета за врв на успешната воена дипломатија, каде што беше избегнато ескалирање на конфликтот преку преговори и стратегиска комуникација. Вториот значаен пример е Дејтонскиот мировен договор од 1995 година, кој стави крај на крвавата војна во БиХ. Оваа дипломатска иницијатива, поддржана од воените сили на НАТО, доведе до мир и реконструкција на регионот.

Важноста на воената дипломатија беше очигледна преку успешната координација меѓу воените и дипломатските актери, што резултираше со трајна стабилност во Западен Балкан.[149] Третиот пример е договорот меѓу Северна и Јужна Кореја во 2018 година, каде што воената дипломатија одигра клучна улога во намалувањето на тензиите на Корејскиот Полуостров. Иако договорот сè уште не доведе до целосна денуклеаризација, значителните дипломатски напори, вклучително и учеството на воени претставници, доведоа до релативно стабилна состојба и надеж за идни преговори.[150] Воената дипломатија исто така одигра значајна улога во Агендата за мир на Обединетите нации од 1992 година. Преку оваа иницијатива, ООН успеа да спречи и да реши неколку регионални конфликти во Африка и Азија, вклучувајќи ја и мисијата во Сиера Леоне. Воените аташеа и мировните сили беа клучни за имплементацијата на договорите, осигурувајќи долготраен мир и обновување на погодените земји.[151]

Друг пример е успешната дипломатија на Пакистан преку неговото учество во мисиите на ООН. Оваа дипломатија не само што помогна во стабилизирање на неколку региони туку и ја зацврсти улогата на Пакистан како клучен играч во меѓународната безбедност.[152] Со самото тоа, успешно решените конфликти во Македонија и Косово преку воената дипломатија на НАТО и Европската Унија ја демонстрираат способноста на

[148] Allison, G. Essence of Decision: Explaining the Cuban Missile Crisis. New York: Pearson, 2012.
[149] Holbrooke, R. To End a War. New York: Random House, 1998.
[150] Lee, S. H., & Moon, C. H. Inter-Korean Relations: Past, Present, and Future. Seoul: East Asian Institute, 2018.
[151] Boutros-Ghali, B. An Agenda for Peace: Preventive Diplomacy, Peacemaking and Peace-keeping. United Nations, 1992.
[152] Rizvi, H. A. Pakistan's Strategic Culture and Foreign Policy Making: A Study of Pakistan's Post-9/11 Security Strategy. New York: Palgrave Macmillan, 2013.

меѓународната заедница да користи воени и дипломатски средства за постигнување траен мир. Овие случаи се важни примери за тоа како воената дипломатија може да придонесе за глобалната стабилност и безбедност.[153]

Меѓународните безбедносни институции играат витална улога во одржувањето на глобалната стабилност и спречувањето конфликти. Преку нивните активности, тие овозможуваат рамка за соработка меѓу државите и обезбедуваат механизми за колективна безбедност. Организациите, како што се Обединетите нации (ОН) и НАТО, ги координираат напорите на државите во спречување конфликти, решавање кризи и поддршка на мировни мисии.[154] Овие институции често дејствуваат како медијатори во конфликти и создаваат платформи за преговори меѓу спротивставените страни.

Еден од најзначајните придонеси на меѓународните безбедносни институции е нивната способност да организираат и да спроведуваат мировни мисии. Овие мисии често вклучуваат мултинационални сили и се фокусираат на стабилизација на региони што се во конфликт или се соочуваат со хуманитарни кризи. Пример за ваква успешна мисија е ангажманот на ОН во Косово, каде што беа обезбедени услови за стабилизација и демократски развој.[155] Ваквите мисии се клучни за воспоставување долгорочен мир во региони што се соочуваат со нестабилност. Меѓународните безбедносни институции исто така играат значајна улога во борбата против глобалниот тероризам.

Со координација на напорите меѓу државите, овие организации можат да го намалат ризикот од терористички напади преку споделување разузнавачки податоци и поддршка на антитерористички операции.[156] НАТО, на пример, активно учествува во операции против тероризмот и ја зајакнува способноста на своите членки да одговорат на терористички закани. Покрај тоа, меѓународните безбедносни институции придонесуваат за спречување на ширењето на оружјето за масовно уништување. Овие институции работат на воспоставување и спроведување меѓународни договори и контроли што ги ограничуваат можностите за развој и дистрибуција на нуклеарно,

биолошко и хемиско оружје.[157] Преку таквите напори, тие успеваат да го намалат ризикот од катастрофални конфликти. Рамките за соработка што ги воспоставуваат меѓународните безбедносни институции, исто така, имаат позитивно влијание врз регионалната

[153] Jureković, P. NATO's Engagement in the Balkans: The Strategic Impact and Lessons Learned. Vienna: National Defence Academy, 2006.
[154] Weiss, T. G., *The United Nations and Changing World Politics*, Westview Press, 2020.
[155] Bellamy, A. J., & Williams, P. D., *Understanding Peacekeeping*, Polity Press, 2011.
[156] Bakker, E., & Singleton, M., *Countering Terrorism: NATO's Role and Approach*, Journal of Strategic Studies, 42(1), 34-57, 2019.
[157] *Dunn, L. A.,* Nonproliferation Regimes and International Security*, Survival, 62(5), 2020, p. 41-54.*

стабилност. Воената дипломатија ја докажала својата ефикасност во различни контексти, од решавање конфликти до постигнување мирни договори. Клучната улога на воената дипломатија е во тоа што не само што се користи за спречување на воените конфликти туку и како средство за изнаоѓање долгорочни мирни решенија за глобални и за регионални безбедносни прашања.

Денес меѓународните организации што се посветени на одржувањето на мирот и безбедноста во светот изградија низа пристапи, вештини и потребни ресурси за решавање кризи и конфликти, со цел намалување на страдањата на луѓето погодени од нив, како и за градење постконфликтни општества. Не постои еден модел на мировни мисии што може да се примени во сите ситуации. За да бидат успешни, потребно е операциите за поддршка на мирот да имаат јасен мандат и соодветни ресурси и да бидат приспособени кон политичките, регионалните и други реалности на земјата или кризната зона. Најважно е дека тие треба да ги исполнуваат настојувањата и целите на локалното население. Само тогаш операциите за поддршка на мирот можат да служат како вистински и ефикасен инструмент во напорите на меѓународната заедница за обезбедување на мирот и безбедноста.

Анализата на светските искуства од спроведените операции за поддршка на мирот и новата безбедносна средина покажуваат дека при справувањето со кризите, покрај дипломатските и економските мерки, клучно место имаат вооружените сили. Основен приоритет во современи услови имаат активностите за справување со кризи и решавање на веќе појавените конфликти, а како најчесто користената форма се операциите за поддршка на мирот што се одржуваат од посебно дизајнирани коалициски сили со мандат на ООН, ОБСЕ или ЕУ.[158]

[158] Петровски Д, Меѓународни воени операции и учество на АРМ во нив, Филозофски факултет, Скопје, стр. 208

## Заклучок

Во завршниот дел на оваа магистерски труд можеме да извлечеме неколку важни заклучоци од истражувањето за улогата на воената дипломатија во справувањето со современите безбедносни предизвици.

Првата општа хипотеза потврдува дека улогата на воената дипломатија во справувањето со безбедносните закани зависи од свесноста на цивилниот и воениот врв на државите за значењето и придонесот и да се посветат на овој сегмент. Показателите од истражувањето ја истакнуваат важноста на координираниот пристап и свеста за значењето на воената дипломатија во намалувањето или елиминирањето на безбедносните закани во современото општество.

Поединечните хипотези ја потврдуваат клучната улога на воената дипломатија во справувањето со современите безбедносни предизвици.

Првата хипотеза, која се фокусираше на клучната улога на воената дипломатија во справувањето со безбедносните закани, покажа дека оваа динамика е од суштинско значење за државната безбедност. Воената дипломатија го олеснува одржувањето на дипломатските и на воените односи меѓу државите, што претставува основа за превенција и навремено справување со заканите.

Различните видови закани, особено асиметричните закани, бараат постојана комуникација и координација меѓу државите, што само ја нагласува важноста на воената дипломатија како средство за нивно справување. Во овие услови, искуството и професионалноста како и способностите на воените дипломати играат суштинска улога во одржувањето на мирот и стабилноста.

Со зголемената комплексност на безбедносните закани, испраќањето воени дипломатски претставници е од суштинско значење за зајакнување на односите меѓу државите. Оваа функција на воената дипломатија ја потврди втората хипотеза, која истакна дека присуството на воените аташеа е клучно за одржувањето стабилни односи и за навременото споделување информации меѓу сојузничките земји. Меѓутоа, укажува и на тоа дека информацијата не би имала никакво значење доколку

не е навремено процесуирана и доколку не се преземат соодветни активности врз основа на неа.

Воените аташеа, преку своите активности, придонесуваат за стабилноста на меѓународните односи и за спречување на можни конфликти преку размена на информации и дипломатска комуникација.

Третата хипотеза ја потенцираше важноста на разузнавачките активности што ги вршат воените дипломати. Воените аташеа се позиционирани на стратегиски значајни локации каде што можат да собираат важни информации за безбедносната состојба во странски земји. Нивната улога како разузнавачи е скриена, но многу важна за заштитата на националната безбедност. Всушност, главната цел на воениот аташе е прибирање информации во земјата на прием. Оваа активност е мошне специфична. Иако функцијата на воените аташеа, меѓу другото, е собирање информации, тие мора да бидат исклучително внимателни при процесот на разузнавање. Недопустливо е тие да ги преминат „црвените линии“ на воено-дипломатската активност. Сепак, постојат и оние што сметаат дека таканаречените црвени линии не постојат и дека процесот на прибирање чувствителни информации од страна на воените аташеа зависи исклучително и само од нивната способност.

Професионализмот и стручноста на дипломатите се клучни фактори во оваа улога, бидејќи тие мора да извршуваат задачи со тактичност, мудрост и дискреција. Улогата на разузнавач е исто така поддржана од способноста на воените дипломати да ги анализираат и навремено да ги интерпретираат безбедносните закани.

Четвртата хипотеза ја нагласи важноста на личните и на професионалните карактеристики на воените дипломати. Покрај високото образование, овие дипломати мора да поседуваат широк спектар на лични способности, како што се познавањето јазици, тактичност, шарм и харизма.

Воедно, тие мора да се одликуваат со учтивост, мудрост, познавање на обичаите и менталитетот на земјата домаќин и способност за брза адаптација во различни културни контексти. Овие карактеристики овозможуваат ефективно извршување на дипломатските задачи и одржување на пријателски односи со земјите домаќини.

Натамошните хипотези ја истакнаа неопходноста од развивање мултилатерална и меѓуинституционална соработка во рамките на воената дипломатија. Присуството на меѓународни организации, како што се НАТО и ОН, го нагласи значењето на колективниот одговор кон безбедносните предизвици. Активната соработка со регионалните и меѓународните организации е од витално значење за создавање глобални стандарди во борбата против новите безбедносни закани. Овие заклучоци ја потврдија важноста на меѓународната соработка и размена на информации како алатки за справување со современите безбедносни закани.

Воената дипломатија има централна улога во справувањето со современите безбедносни предизвици, особено преку меѓународната соработка и разузнавачките активности. Пандемијата КОВИД-19, како глобален безбедносен предизвик, само го потврди значењето на воената дипломатија во услови на зголемена глобална нестабилност. Исто така, оваа криза ја истакна потребата од подобрување на координацијата меѓу државите и за зголемување на капацитетите за детекција и одговор на новите видови безбедносни закани.

Воената дипломатија денес е повеќе од само средство за мирно решавање на воени конфликти – таа е неопходен дел од глобалната безбедносна архитектура што помага во адаптирање на светските сили кон новите и динамични безбедносни предизвици. Како таква, нејзината улога ќе продолжи да расте, посебно во контекст на глобализацијата и новите форми на конфликти, што бараат комбинирани и иновативни дипломатски и воени стратегии.

Спроведувањето на препораките од ова истражување ќе придонесе за подобрување на ефикасноста на воената дипломатија и за зајакнување на глобалната безбедност. Организациите и државите треба да инвестираат во обука и развој на дипломатскиот кадар, како и во подобрување на меѓународните стандарди за безбедност. Мултилатералниот и меѓуинституционалниот пристап се клучни за успешно справување со современите безбедносни закани.

Ова истражување укажува на важноста на учеството во креирањето меѓународни регулативи и стандарди, како и формирањето национални платформи за размена на информации. Примената на овие стратегии ќе го подобри одговорот на државите кон безбедносните предизвици и ќе го зголеми нивото на заштита од потенцијални закани.

Спроведувањето на препораките ќе овозможи подобро справување со современите безбедносни предизвици преку ефективна и приспособлива воена дипломатија.

Воената дипломатија е од суштинско значење за управување со современите безбедносни ризици. Нејзината способност да интегрира воени и дипломатски ресурси и да обезбеди превентивни мерки и решенија за конфликтите ја прави важен столб на глобалната безбедност. Со продолжувањето на глобализацијата и брзиот напредок на технологијата, улогата на воената дипломатија ќе остане критична во создавањето мирни и стабилни меѓународни односи.

# БИБЛИОГРАФИЈА


1. A. Vagts, The Military Attaché, Princeton University Press, New Jersey 1967.
2. ABC of Diplomacy, Swiss Federal Department of Foreign Affairs (FDFA), Bern, 2008.
3. Allison, G. Essence of Decision: Explaining the Cuban Missile Crisis. New York: Pearson, 2012.
4. Amansham J. Communication in military institutions. International Journal of Language and Literary Studies, 2012.
5. Arancibia, Diego. "Diplomacia de Defensa: una aproximación conceptual." Academia Nacional de Estudios Políticos y Estratégicos 2012.
6. Bakker, E., & Singleton, M., Countering Terrorism: NATO's Role and Approach, Journal of Strategic Studies, 2019.
7. Barnett M, & Duvall, R. Power in Global Governance. Cambridge University Press, 2019.
8. Barry R. P, The Struggle against Terrorism: Grand Strategy, Strategy and Tactics, International Security. 26(3), 2002.
9. Bauman, Z. Liquid Modernity. Polity Press, 2021.
10. Bayne, N., & Woolcock, S, The new economic diplomacy: Decision-making and the role of international institutions in global governance, Ashgate Publishing, 2011
11. Bechtel, Caroline. "Warriors, scholars, diplomats: The role of military officers in foreign policymaking." New Perspectives in Foreign Policy 14, no. 8 2017.
12. Bellamy, A. J., & Williams, P. D., Understanding Peacekeeping, Polity Press, 2011.
13. Berridge G. R. Diplomacy: Theory and practice (5th ed.). Palgrave Macmillan, 2015.
14. Blagojević, V, Primena Bečke konvencije o diplomatskim odnosima na odbrambenu (vojnu) diplomatiju, Univerzitet u Nišu pravni fakultet, 2020, str.92
15. Blanco, Ignacio Azuara. "Diplomacia de defensa." Boletín de Información 308 2009
16. Borg Psaila S, Improving the practice of cyber diplomacy: Training, tools, and other resources PHASE I, DiploFoundation, 2021.
17. Boutros-Ghali, B. An Agenda for Peace: Preventive Diplomacy, Peacemaking and Peace-keeping. United Nations, 1992.

18. Buzan, Barry, Ole Wæver, and Jaap De Wilde. Security: A new framework for analysis. Lynne Rienner Publishers, 1998.
19. Buzan, Barry. "New patterns of global security in the twenty-first century." International affairs 67, no. 3, 1991.
20. Carter A. B. The technology and the global order. Journal of International Affairs, 2018.
21. Clausewitz, C., The Role of Unconventional Forces in Modern Conflicts, Cambridge University Press, 2021.
22. Cooper, A. F. Global diplomacy: Theory and practice, Routledge, 2008.
23. Cottey, A., & Forster, A., Reshaping Defence Diplomacy: New Roles for Military Cooperation and Assistance, Oxford University Press, 2004.
24. Cyber diplomacy in the European Union, EU syber direct
25. Defence Attaches, The Role of Defence Attaches in Military Diplomacy, 2008. Available at: https://www.files.ethz.ch/isn/38583/dcaf-backgrounder-defence-attaches.pdf
26. Dunn, L. A., *Nonproliferation Regimes and International Security*, Survival, 62(5), 2020.
27. Dunn, L. A., Nonproliferation Regimes and International Security, Survival, 62(5), 2020.
28. Faber P., Why pandemics are national security threats, CNA, 2021. https://www.cna.org/reports/why-pandemics-are-national-security-threats
29. Friedman, T. L. Hot, Flat, and Crowded: Why We Need a Green Revolution—and How It Can Renew America. Farrar, Straus and Giroux, 2020
30. Fussell S. R., & Kreuz R. J. Social and cognitive approaches to interpersonal communication. Journal of Communication, 2011.
31. Gartzke E. The Myth of Cyberwar: Bringing War in Cyberspace Back Down to Earth. Oxford University Press, 2020.
32. Goodspeed, P. Cybersecurity challenges in the 21st century. Defense Studies, 2019.
33. Gowan, R. The United Nations in Mali: Strategic Gaps and Peacekeeping Challenges. International Peace Institute, 2018.
34. Guffey, M. E., & Loewy, D. Business communication: Process and product. Cengage Learning, 2010.
35. Hamilton, K., & Langhorne, R. The practice of diplomacy: Its evolution, theory, and administration, Routledge, 2011.

36. Hendrickson, R. C. The Evolution of International Security. Global Governance: A Review of Multilateralism and International Organizations, 24(4), 2018.
37. Heuser, B. The Evolution of Strategy: Thinking War from Antiquity to the Present. Cambridge University Press, 2020.
38. Holbrooke, R. To End a War. New York: Random House, 1998.
39. Holth, P., & Boe, O. Military leadership and communication. International Journal of Language and Literary Studies, 2017.
40. Homeland Security, Homeland Threat Assessment 2024, Office of Intelligence and Analysis, 2024.
41. Horowitz, M. C. The impact of autonomous systems on warfare. Strategic Studies Quarterly, 2016.
42. Ivana T, Vojna diplomacija i obavještajno djelovanje, Sveučilište u Zagrebu, Fakultet političkih znanosti, 2023.
43. Janev I, Perić D.M, Diplomatija, Institut za politićke studije, Beograd.
44. Jeftić Z, Mišev G, Obradović Ž, i Stanojević P, Savremeni konflikti i njihove tendencije, DOI: 10.5937/vojdelo1807023J.
45. Johnson, C. A., Civilian Loyalties and Guerrilla Conflict, World Politics, XIV(3), 646-661, 1962.
46. Jones, Phil. The military contribution to soft power: A comparative analysis. Royal College of Defence Studies, 2010.
47. Jureković, P. NATO's Engagement in the Balkans: The Strategic Impact and Lessons Learned. Vienna: National Defence Academy, 2006.
48. Kaczmarski, M. Global Security in the Age of Populism: The Challenges of Security and Governance. Palgrave Macmillan.2021.
49. Kajmaković E, Karović S, Organizirani kriminal u zemljama zapadnog balkana – pojam i krivičnopravni aspekt, 2013.
50. Katz, Daniel H. Defence diplomacy: strategic engagement and interstate conflict. Routledge, 2020.
51. Keohane, R. O. Power and Governance in a Partially Globalized World. Routledge, 2019.
52. Knežević S, Lakić T, Osnovi diplomatije, Univerzitet Crne Gore, Podgorica, 2024,
53. Knorr, K., Unconventional Warfare: Strategy and Tactics in Internal Political Strife, The Annals, CCCXLI(1), 1962

54. Koerner, Wolfgang. Security Sector Reform: Defence Diplomacy. Parliamentary Information and Research Service, Library of Parliament, 2006.
55. Koerner, Wolfgang. Security Sector Reform: Defence Diplomacy. Parliamentary Information and Research Service, Library of Parliament, 2006.
56. Kolev D, Tajna diplomatija i interesne sfere: primer balkanskog poluostrva, Časopis za ekonomiju i tržišne komunikacije, 2016, str.363
57. Lee, S. H., & Moon, C. H. Inter-Korean Relations: Past, Present, and Future. Seoul: East Asian Institute, 2018.
58. Lin, P. Drone Warfare and Ethics in the Age of Autonomous Systems. Cambridge University Press, 2021.
59. Lin, P. The ethics of autonomous weapons systems. Philosophy and Technology, 2016.
60. Lind, J. Intelligence and the future of global security. International Security, 2020.
61. Lindsey, C. The Components of Global Security. In The Routledge Handbook of Critical Security Studies, Routledge, 2018.
62. MacKay, J., & Banerjee, K., Military Diplomacy, Agency, and Change in International Politics, European Journal of International Security, 2021.
63. MacKay, J., & Banerjee, K., Military Diplomacy, Agency, and Change in International Politics, European Journal of International Security, 2021.
64. Medeiros, E. S. Strategic implications of emerging military technologies. International Relations Journal, 2017.
65. Melissen, J. The new public diplomacy: Between theory and practice, Palgrave Macmillan, 2005.
66. Milašinović S, Kešetović Ź, Mogućnosti rešavanja unutardržavnih konflikata, UDK: 316.485.6, 2009, str. 164
67. Ministry of Defence, Defence Diplomacy: A Strategic Tool for International Relations, Ministerio de Defensa, Madrid, 2012.
68. Mitrović V, Globalno umrežavanjei digitalna diplomatija, Univerzitet u Beogradu, Fakultetu organizacionih nauka, Vojno delo 7, 2018.
69. Mladenovi D., Dragan; Jovanovi M., Danko; Drakuli S., Mirjan, Definisanje sajber ratovanja Vojnotehnicki glasnik/Military Technical Courier, vol. 60, 2021, str. 84
70. Mladenović D. D, Jovanović M. D, Definisanje sajber ratovanja, vojnotehnički glasnik/military technical courier, 2012.

71. Moreno Pino, Ismael. "La Diplomacia. Aspectos teóricos y prácticos de su ejercicio profesional." México, Dirección General del Acervo Histórico Diplomático (1996).
72. Nacional Museum of American Diplomacy, The skills of diplomacy, https://diplomacy.state.gov/discover-diplomacy/the-skills-of-diplomacy/
73. Nye, J. S. The Future of Power. PublicAffairs, 2020.
74. Nye, Joseph S. "Soft power: The means to success in world politics." Public Affairs 10, 2004.
75. OEBS i savremeni bezbednosni izazovi Zbirka eseja, Organizacija za evropsku bezbednost i saradnju Misija u Srbiji.
76. Otović Višnjić F, javna diplomatija ili politička propaganda prema inostranstvu: de je konceptualna razlika? Univerzitet u Beogradu Fakultet političkih nauka.
77. Pajtinka, Erik. "Military diplomacy and its present functions." Security Dimensions. International and National Studies 20, 2016179-194.
78. Pop S, Diplomacy and Security, De Gruyter, International Conference Knowledge-based Organization Vol. XXIII No 1 2017.
79. Prezelj I., Contemporary threats to national and international security, Defence Research Centre, Faculty of Social Sciences, 2023. https://www.nato.gov.si/contemporary-security-threats
80. R. Đorđević D, Vojna intervencija kao sredstvo borbe protiv terorizma, Beograd.
81. Radončić H, Karović M. S. savremene tehnologije u razvoju sistema odbrane Republike Srbije, Sistem odbrane, 2016.
82. Rana, K. The diplomat's handbook of international law and practice, Martinus Nijhoff Publishers, 2011.
83. Rizvi, H. A. Pakistan's Strategic Culture and Foreign Policy Making: A Study of Pakistan's Post-9/11 Security Strategy. New York: Palgrave Macmillan, 2013.
84. Robertson, George. "Strategic Defence Review: Modern Forces for the Modern World." Parliamentary Review. London, UK: Ministry of Defence, 1998.
85. Robin, S. P., & Coulter, M. Management. Prentice Hall, 2009.
86. Roff, H. M. Advancing the debate on lethal autonomous weapons. Journal of International Affairs, 2019.
87. Roff, H. M. Artificial Intelligence in Military Decision-Making. Journal of Strategic Studies, 2022.
88. Scharre, P. Army of None: Autonomous Weapons and the Future of War. W. W. Norton & Company, 2019.

89. Shelest H, Kapitonenko M, Diplomacy, Published by NGO “Promotion of Intercultural Cooperation” (Ukraine), Centre of International Studies (Ukraine), 2020.
90. Singer, P. W. Corporate Warriors: The Rise of the Privatized Military Industry. Cornell University Press, 2019.
91. Singer, P. W., & Friedman, A. Cybersecurity and Cyberwar: What Everyone Needs to Know. Oxford University Press, 2014.
92. Slaughter, A.-M. The Chessboard and the Web: Strategies of Connection in a Networked World. Yale University Press, 2020.
93. Stevens, T. Cyber Security and the Politics of Time. Cambridge University Press, 2015.
94. Ulven J., & Wangen G., Cyber risk and cybersecurity: A systematic review of data availability, Springer, 2021. https://link.springer.com/chapter/10.1007/978-3-030-85600-72
95. United Nations Office on Drugs and Crime, Digest of organized crime cases, New York, 2012.
96. United Nations, Preventive Diplomacy: Delivering Results, 2011. Retrieved from https://peacemaker.un.org/sites/peacemaker.un.org/files/SGReportPreventiveDiplomacyS2011552%28english%291.pdf
97. USC Center on Public Diplomacy, CPD Perspectives on Public Diplomacy , Cyber diplomacy, Magazine issue 22, 2019.
98. Weiss, T. G., The United Nations and Changing World Politics, Westview Press, 2020.
99. Willard, James E. "Military Diplomacy: An Essential tool of foreign policy at the Theater Strategic level." School of Advanced Military Studies 2006.
100. Williams T. The Impact of Social Media on Military Diplomacy. Global Security Review, 2021.
101. Wizimirska K, The art of diplomacy in the context of contemporary international relations, Journal of science of the military academy of land forces, Volume 48 Number 4 (182), 2016 p. 98
102. Wright D. Digital Diplomacy: The Role of Technology in Modern Warfare. Journal of International Relations, 2020.
103. Wright D. Privacy and ethical impact assessment. Springer, 2017.
104. Zacher M. W. The United Nations and Global Security. Palgrave Macmillan, 2021.

105. Zupančič M., Vojaški ataše – umestitev in vloga v vojaški organizaciji in mednarodnem okolju, Original scientific article.
106. Бакрески О, Милошевска Т, Алчески Ѓ, Заштита на критичната инфракструтура, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2017.
107. Бакрески О., Барџиева Миовска Л., Дипломатијата и безбедноста, Филозофски факултет Скопје, 2021.
108. Белеска М, Улогата на економската дипломатија во остварувањето на безбедноста , Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр.42
109. Благојевић В, Дипломатија Србије у одвраћању, Српска политичка мисао, број 3, 2023, стр. 166
110. Богданова Ј, Превентивна дипломатија, улогата на УНПРЕДЕП во Република Македонија, Универзитет Гоце Делчев, Штип, 2011
111. Богданоски М, Богданоски М, Николов Е, Петрески Д, Сајбер нападите како најсовремена закана врз воените операции и критичната инфраструктура, Воена академија „Генерал Михаило Апостолски" – Скопје, 2012.
112. Ѓуровски М, Николовски М, Герасимоски С, Безбедносни ризици и закани - третман, феноменологија и мапирање, Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија Факултет за безбедност - Скопје, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, 2020.
113. Ѓуровски М., Основи на безбедност, Концепциски безбедносни пристапи, Фондација Конрад Аденауер, Скопје, 2021.
114. Дамјановски С, Надворешната политика на земјите – членки на вишеградската група и нивниот придонес кон заедничката надворешна безбедносна политика на Европската Унија, Филозофски факултет, Скопје, 2019, стр. 14
115. Дојчиновски М., Примена на разузнавачката дејност при спроведување на мисиите на воените аташеа, објавено во Науката и општествениот развој: зборник на трудови, Скопје 2014.
116. Достинова Запрова Т, Сотироски Љ, Дипломатска организација, дејност и професија, Универзитет „Гоце Делчев" -Штип, 2014.
117. Зенделовски Г, Креирање на безбедносни политики, Филозофски факултет – Скопје, 2021, стр. 83
118. Зенделовски Г, Современите безбедносни ризици и закани во време на глобални кризи, Годишен зборник, 2022.

119. Зечевиќ М., Војна дипломатија, Војно издавачки и новинарски центар, Београд, 1990.
120. Јанковић П, Мултилатерална дипломатија као неминовност савремене дипломатије, razvoj društva kroz prizmu nauke - zbornik radova, Прегледни научни рад, 2022.
121. Јовановски З, Дипломатија и меѓународно право, 2023.
122. Јовановски З., Воена дипломатија, Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје, 2018.
123. Катарина М, Превенција тероризма, Правен факултет, Ниш, 2021.
124. Кочоска К, Пристапи кон транснационалниот организиран криминал од призма на доминантните теории за меѓународни односи, Филозофски факултет, Скопје, 2019, стр. 25
125. Кошевалиска О, Максиммова Е, Организиран криминал и корупција, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, 2018.
126. Крстић М, Тероризам, Посебности дерадикализације исламских терориста, Белград.
127. Кукушев А, Шапкоски В, Униформирана дипломатија, Институт ПРЕСПА – Скопје, 2024.
128. Меѓународно списание за наука и уметност – ИДЕЈА, European University – Skopje, 2020, стр. 5
129. Миленковић А, Дипломатија одбране – теоријски приступ и практична примена студија случаја Републике Србије, SCIndeksu, 2016.
130. Милисављевић Б, Место и улога војних аташеа у позитивном дипломатском праву, Правни факултет Универзитета у Београду, 2019.
131. Милошевска Т, Организираниот криминал како безбедносно-политички и дестабилизирачки фактор за развој на општествата во транзиција (Студија на случај-Република Македонија), Филозофски факултет, Скопје.
132. Павески А. Конфликти поради различни вредности – улогата на идентитетот во конфликт, Годишен зборник.
133. Пачемска Д, Геополитичкиот контекст на мигрантските рути и нивното влијание на организираниот криминал на Западен Балкан, со посебен осврт на Република Северна Македонија, Филозофски факултет, Скопје, 2020.
134. Петрески М, Дипломатија на највисоко ниво (САМИТ) Универзитет Кирил и Методиј, Скопје, 2013.

135. Петровски Д, Меѓународни воени операции и учество на АРМ во нив, Филозфски факултет, Скопје, стр. 208
136. Поповић Н, Обавештајни рад и војна дипломатија, Универзитет у Београду, Факултет Безбедности, 2016.
137. Поповска Б, Теоретски концепти за разрешување на конфликти и градење на мирот во поделените општества, Меѓународно научно списание за одбрана, безбедност и мир, Современа Македонска одбрана, 2013.
138. Попоска В, Правни аспекти на кибер безбедноста, УДК: 343.9:004,
139. Смиљанов С, Улогата на протоколот и одбранбената дипломатија во остварувањето на безбедноста на Република Македонија, Филозофски факултет, Скопје, 2021, стр. 18
140. Стојановић А, Основне карактеристике тероризма и угроженост безбедности Републике Србије тероризмом, Правни факултет, 2016, стр. 53
141. Танески Н., Влијанието на асиметричните закани врз трансформација на суштината и водењето на војната во XXI век, Филозофски факултет, Скопје, 2013.
142. Тасевски Д, Улогата на корпоративната безбедност во справување со современи безбедносни предизвици , Филозофски факултет, Скопје, 2021.